# МОНИТОРИНГ НА ЛИДЕРСТВО

Извештај од евалуацијата на перформансите
на Владата на Република Македонија
за декември 2007 - јануари 2008

ИНСТИТУТ
ЗА ЕКОНОМСКИ
СТРАТЕГИИ И
МЕЃУНАРОДНИ ОДНОСИ
ОХРИД

B | T | D
The Balkan Trust for
Democracy

# МОНИТОРИНГ НА ЛИДЕРСТВО

Извештај од евалуацијата на перформансите
на Владата на Република Македонија
за декември 2007 - јануари 2008

ИНСТИТУТ
ЗА ЕКОНОМСКИ
СТРАТЕГИИ И
МЕЃУНАРОДНИ ОДНОСИ
ОХРИД

**Скопје, 2008 год.**

# Мониторинг на лидерство

Проект финансиран од
**Балкански фонд за демократија**

Директор на проектот
д-р Ветон Љатифи

Проект имплементиран од
**Институт за економски стратегии и меѓународни односи ОХРИД**

Извршен директор
М-р Билјана Јанева

Мониторингот го вршат следниве 10 експерти:

- д-р Томе Неновски, фискална и монетарна политика
- м-р Марјан Николов, трговска, индустриска и инвестициска политика
- м-р Снежана Мојсоска, финансиски и пензиски систем
- м-р Филип Блажески, економија на знаење
- д-р Ило Трајковски, образование
- м-рЉупчо Тошев, земјоделство
- д-р Васко Наумовски, надворешни работи
- д-р Душко Стојановски, внатрешни работи
- д-р Јарослав Карaџински, здравство
- м-р Горан Мијоски, спорт и транспорт и врски

Институт за економски стратегии и меѓународни односи ОХРИД
Димитрије Туцовиќ 24
1000 Скопје,
Република Македонија
Телефон: +389 2 322 44 57
Факс: +389 2 322 44 57
Веб страница: www.oi.org.mk
е-маил: info@oi.org.mk

# Содржина

**Опис на целите на извештајот** ........ 7

**Методологија** ........ 9

**Резиме** ........ 13

1. **Фискална и монетарна политика** ........ 20
2. **Трговска, индустриска и инвестициска политика** ........ 30
3. **Финансиски и пензиски систем** ........ 35
4. **Економија на знаење** ........ 40
5. **Образование** ........ 45
6. **Спорт** ........ 51
7. **Земјоделство** ........ 57
8. **Надворешни работи** ........ 65
9. **Внатрешни работи и правда** ........ 69
10. **Здравство** ........ 82
11. **Транспорт и врски** ........ 88

**Препораки** ........ 97

# Опис на проектот

Како и во претходните четири извештаи така и во петтиот извештај од проектот Мониторинг на лидерство, целта е да се продолжи да се имплементираат и притоа одразат двете главни дејствија на проектот. *Прво*, детално да се информираат граѓаните за политичките иницијативи и активности на Владата на Република Македонија, наспроти објавените ветувања, со што се очекува Владата да биде поодговорна. *Второ*, да и се овозможат на Владата независни експертски анализи за активностите на министерствата. Со ова Владата ќе може да ги користи овие извештаи како алатка за анализирање на работата, надзор и непрекинато подобрување.

Преку мониторингот на активностите на Владата на Република Македонија во периодот декември 2007- јануари 2008 година, петтиот извештај на Институтот ОХРИД се стреми да даде една слика на поширокaта јавност за планираните и остварените реформи на Владата на Република Македонија преку конструктивна и компаративна анализа на Акциониот план на Владата.

Мониторингот се состои од споредување на остварувањата на Владата со ветувањата содржани во Програмата за работа на Владата 2006-2010, како и во изборните програми на партиите на власт.

И понатаму проектот „Мониторинг на лидерство" има за цел на граѓаните на Република Македонија да им обезбеди објективен и експертски мониторинг на работата на Владата.

Врз основа на извршените компарации, експертите на Институтот ОХРИД изработуваат двомесечни извештаи за прогресот на имплементацијата на програмите, со проценки на ризикот од недоволна или недоволно квалитетна имплементација за секоја од областите покриени со извештаите.

Ваквиот начин на мониторинг и контрола се стреми кон следниве долгорочни ефекти:

- Зголемен капацитет за информирано и активно практикување на демократските права од страна на граѓаните;
- Зголемување на транспарентноста и одговорноста на Владата;
- Создавање на алатка која на државните институции би им служела за континуирано унапредување на нивната работа;
- Зголемување на вклученоста на граѓаните во јавниот политички дискурс.

Очекуваните резултати и придобивки за македонското општество од проектот "Мониторингот на лидерството" остануваат да се повеќекратни. Пред сè, се очекува зголемување на одговорноста на Владата кон јавноста, нејзино мерење и оценување и зголемување на присуството на граѓани во јавниот дијалог; како и осигурување дека Владата ги употребува извештаите како алатка за поголем развој и напредок. И воопшто, извештаите од мониторингот се очекува значително да ја подобрат демократската клима во Македонија.

Основа за мерење на перформансите на Владата е Програмата за работа на Владата на Република Македонија, подготвена во септември 2006 година. Најголем дел од содржинските елементи на таа програма се однесуваат на активности предвидени со предизборната програма на ВМРО-ДПМНЕ – "Преродба во 100 чекори", но има и додатоци од предизборните програми на другите коалициски партнери. Оваа програма е основна платформа за дејствување на Владата во нејзиниот четиригодишен мандатен период.

Пред да се отпочне со мерење на перформансите, експертите со помош на тимот на Институтот ОХРИД, изработија Системска матрица за мониторинг базирана на перформанси. Како основа на Матрицата, експертите ја користеа Програмата на Владата, но и Изборните програми на партиите коишто се дел од коалицијата на власт. Ваквите матрици се моќни инструменти за евалуација на перформансите на јавните проекти. Успешно се користат во повеќе земји во светот.

# *Методологија*

Методологијата која се користи при подготвувањето на извештаите од проектот „Мониторинг на лидерство" во себе ги вклучува следниве елементи и постапки:

1. Изработка на Системска матрица за мониторинг базиран на перформанси, како на Илустрација 1 ;
2. Идентификација на планирани иницијативи, коишто согласно Системската матрица треба да бидат во процес на имплементација во периодот на известување ;
3. Изработка на Прашалник за прибирање информации за степенот на имплементација на планираните иницијативи, како на Илустрација 2 ;
4. Интервјуа со претставници од јавниот, приватниот и граѓанскиот сектор.
5. Анализа на прибраните податоци ;
6. Изработка на извештај за прогресот на имплементацијата на планираното;
7. Изработка на Оценка за ризик од недоволна или неквалитетна имплементација, како на Илустрација 3 ;

Овој извештај е структуиран така да вниманието го фокусира во следниве насоки кои притоа претставуваат главни компоненти на извештаите на експертите во структуролошки поглед:

- Имплементираните активности во периодот на известувањето;
- Изнаоѓање одговор на прашањето: што останува да се имплементира, т.е. што не е имплементирано или не е доработено;
- Оценување на ризикот од неимплементацијата на одредени постапки или недоволно квалитетна имплементација, и
- Општи експертски оценки за периодот на известување.

Извештајот се фокусира на реализираните активности во набљудуваниот и анализираниот период и на работите што треба да се реализираат. На крај секој од експертите коишто известуваат за мониторингот дава свое мислење за реализираните работи и за она што останува

да се реализира, притоа истакнувајќи определени препораки во таа насока.

Изнесените констатации и оценки се изведени врз основа на информациите прибрани од прегледот на достапните пишани материјали и документи, како и од интервјуата со експерти, но и со одговорни лица во соодветните институции.

Освен овие структурни компоненти на поединечните експертски извештаи, општиот извештај од овој проект започнува со резиме и завршува со конкретни општи препораки.

**Илустрација 1:** Изглед на Системската матрица за мониторинг базиран на перформанси


Институт Охрид — Проект: Мониторинг на лидерството — Системи за мониторинг на реформите на Владата на РМ 2007

| Систем за мониторинг на перформансите на Владата на РМ | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Задачи | Појдовна Точка | Активности (Имплементација на реформите) | Цели | Резултати | Временска рамка и одговорна институција |
| 1. Даночни Реформи | До 2006 година во РМ се применуваше прогресивен систем на персонален данок на доход со три даночни стапки (15%, 18% и 25%), данок на добивка по стапка од 15% (0% корпоративен данок на реинвестирана добивка во вредност до 100 000 €), ДДВ со стапка од 18% за најголем број репроматеријали. | Намалување на стапката на ДДВ за земјоделските репроматеријали и механизација од 18% на 5%. | Земјоделците ќе плаќаат помалку ДДВ за набавки на репроматеријали и земјоделска механизација. | Промена на Законот на ДДВ | ДА/НЕ 30.09.2006? Министерство за финансии |
| | | Воведување нулта стапка за реинвестирана добивка. Воведување рамен данок по стапка од 12% во 2007 година, односно 10% во 2008 година; Воведување рамен данок на добивка по стапка од 12% во 2007 година, односно 10% во 2008 година; | Зголемување на инвестициите, понудата и побарувачката на стоки и услуги, на вработеноста и на приходите во буџетот и намалување на одливите од буџетот. | Промена на законите за персонален данок и данок на добивка | ДА/НЕ 01.01.2007 Министерство за финансии |
| 2. Управа за јавни приходи | | Административно-техничко зајакнување на УЈП | УЈП поефикасно ќе ја врши својата основна функција | Закон за изменување и дополнување на Законот за УЈП. | ДА/НЕ 30.06.2007 Министерство за финансии |
| | Недоволен степен на наплата на "акумулираниот" даночен долг на големите даночни обврзници | Воспоставување и почнување со работа на Дирекција за големи даночни обврзници | Зголемување на наплатата на даноци од големите даночни обврзници | Склучени договори со 118 големи даночни обврзници | ДА/НЕ 30.04.2007 УЈП |
| | | Воспоставување електронска врска со Централниот регистар | Засилување и поедноставување на едношалтерскиот систем за регистрација на правни лица. | Доделување ЕМБ и единствен даночен број заради идентификација на даночните обврзници | ДА/НЕ УЈП/Централен регистар |
| | Значајно непријавување на даноците. | Стратегија за зголемување на пријавувањето на даноците. | Зголемување на пријавувањето на даноците и на нивната наплата. | Стратегија за зголемување на пријавувањето на даноците. | ДА/НЕ УЈП 31.12.2006 |

Институт Охрид

**Илустрација 2:** Изглед на Прашалник

**ПРАШАЛНИК**

за остварените промени и за состојбите во фискалната политика на РМ во периодот септември 2006 - мај 2007 година

1. Кои закони беа донесени во периодот септември 2006 - мај 2007 година со кои се извршија измени во фискалната политика на РМ?

**Илустрација 3**: Изглед на Формулар за оценка на ризик од недоволна или неквалитетна имплементација за еден од секторите

| Ризик | Сериозност | Активност за избегнување | Надлежен орган | Други информации |
|---|---|---|---|---|
| Р[1]: Ризик по транспарентност<br><br>П: Неприфаќање на реформите од сите заинтересирани | Голема [2] | Воведување на формални процедури во донесување на стратешки документи во кои би биле вклучени и бизнис заедницата, тинк тенковите и граѓаните | Сите министерства | Немање на информации и податоци ја отежнуваат анализата и партнерството |
| Р: Ризик да Владата води бизнис, наместо донесување политики<br><br>П: Истиснување на приватната иницијатива во пазарите | Голема | Секторски Кост Бенефит анализи за мерките кои Владата ги превзема, а кои имаат елементи на интервенционизам (Компјутер за секое дете, помош и отстапки на СДИ и слично) | Заменик премиерот за економски прашања<br><br>Соодветните министерства | Недоверба на бизнис заедницата кон Владата |
| Р: Недостаток на координираност помеѓу министерствата | Средна | Зајакнување на мониторинг и евалуација на буџетско | Генерален секретеријат и Министерство за финансии | Ад хок менување на приоритети (пр: праксата на низок приоритет |

# Резиме

Во периодот декември 2007 година - јануари 2008 година беа реализирани бројни активности и мерки на Владата на Република Македонија во сите области кои беа објект на мониторингот. Овие активности беа насочени кон унапредување на сеопштиот политички и економски амбиент и засилување на развојниот тренд на македонската економија и реформите на политичкиот систем. Макроекономската стабилност во земјата беше задржана, а исто така и безбедноста и политичката стабилност на регионот, и покрај критичкиот период во кој влезе со разрешување на косовскиот статус. Претходно донесените мерки за унапредување на економскиот и политичкиот амбиент беа надополнети со други што стартуваа на почетокот на 2008 година.

Во сите ресори продолжено е со активностите на веќе започнатите – тековни проекти, а исто така во овој период започната е и имплементација на низа закони и законски акти кои што беа сугерирани од страна на НАТО и ЕУ како неопходен услов за добивање на покана за НАТО во претстојниот самит во Букурешт, односно датум за започнување на преговори со ЕУ.

Приближувањето на НАТО самитот во Букурешт во април 2008 година, аспирациите на Република Македонија за добивање на покана на тој самит претставуваа дополнителен импулс за Владата на Република Македонија и соодветните надлежни институции да продолжат со интензивна дипломатска офанзива, каде истовремено истите да преземат низа мерки со кои беше продолжена претходно започнатата реализација на одредени претходни реформаторски активности.

Но и покрај позитивните вреднувања на високи претставници на НАТО за имплементацијата од страна на Владата на Република Македонија на посочените реформи и компромиси потребни за добивање на покана за НАТО, и во овој период останува сериозна бариера која го попречува патот на Република Македонија за членство во НАТО: спорот за името со Грција. Со цел за отстранување на оваа пречка македонската дипломатија продолжи со офанзива и лобирање.

Од друга страна, како покровител на редовните средби на четирите партиски лидери на најголемите партии, Владата продолжи да покажува вистинско водство и спремност за дијалог, притоа стремејќи се кон постигнување сеопшт национален консензус на главните политички субјекти за потребните реформи потребни за влез во НАТО и за добивање на датум со ЕУ.

Во реализацијата на своите програмски активности во текот на 2008 година Владата на Република Македонија ќе се соочи со бројни сериозни закани и ризици. Тие, првенствено се согледуваат во очекуваното зголемување на цените на одредени земјоделски и прехранбени производи и на енергенсите, се посериозната рецесија што зафаќа поголем дел од светската економија, како и во неизвесноста околу конечниот политички статус на Косово. Тие ризици имаат сериозни заканувачки големини, кои во претстојниот период, ако не можат да се отстранат, тогаш треба да се намалат (амортизираат) што е можно повеќе, за да не се претворат во кочница на планираниот поинтензивен економски раст на земјата во 2008 година.

Во овој период се создадени и зацврстени услови за натамошна релаксација (либерализација) на **фискалната политика** и за внесување на уште посилни елементи што неа ја определуваат како развојна. Таквата поставеност на фискалната политика, дополнета со многубројните подобрувања во инвестициската клима во земјата, условува непречено реализирање не само на програмираните, туку и преземање на други активности на Владата на Република Македонија во разните сфери од економската политика на Република Македонија. Крајниот ефект од таквите динамични промени во економскиот амбиент во 2007 година е рекордно зголемување на бруто домашниот производ на земјата за нешто повеќе од 5% на годишно ниво и поставување основа за реализирање на програмираната стапка на негов пораст во 2008 година за околу 6-6,5%.

Во областа на **трговската, индустриската и инвестициската политика** Владата се залага за поголем инвестициски циклус во инфраструктурата, енергетиката, телекомуникациите и во патната инфраструктура. По дефиниција капиталните проекти од ваков тип и во вакви сектори бараат големи финансиски средства, добро поставена законска рамка, изготвување на подзаконски акти, силни институции и независни регулаторни тела на кои Владата работи и кои се зацртани во

програмата. Сепак, мора да се напомене дека луѓето се оние кои спроведуваат политики, а особено битни се нивните вештини и знаења и професионалност. Еден корисен индикатор за следење на капацитетот на администрацијата е и исполнувањето на капиталните расходи по функции на државата. Мора да се напомене пролонгирањето на крајните рокови за регулаторната гиљотина, недоволно прецизните рокови од матрицата на цели и активности за следење на реализацијата на Националната програма за усвојување на правото на ЕУ (НПАА) за 2008 година како и доцнењето со Стратегијата за рамномерен регионален развој. Она што имплицитно се провлекува е и релативно неквалитетниот статистички информативен систем на кој посебно треба да се работи.

Останува и забелешката дека мерките кои се носат се пред се на основа на инпути и се "контролираат" без евалуација и оценка на резултатите (outcomes). Се препорачува да се прави евалуација на извршени резултати (performance budgeting).

Периодот од 01 Декември 2007 до 01 февруари 2008 година во секторите за **финансиски и пензиски систем** се каректеризира со минорни реформи, кои беа само продолжение од веќе предвидените во финансискиот и пензискиот систем.

Реформите во овој сектор со развивање на ефикасен систем на финансиски пазари и создавање адекватни финансиски институции беа неопходни за економски развој на Македонија.

Во периодот 1 декември – 31 јануари 2007 година, Владата на Република Македонија продолжи со совесна работа на спроведување на проектите од нејзината програма во областа „**Економија на знаење**". Беа направени повеќе чекори во доближувањето на информатичко-комуникациската технологија до граѓаните, се продолжи со компјутеризацијата на училиштата, се најави отворање на Македонски универзитет за информатички технологии и се реактивира работата на Националната стратегија за индустриска политика. Од големо значење за адаптирањето на Република Македонија кон новата економија на знаење е, исто така, и отпочнувањето со работа на фабриката на "Џонсон Контролс" (Johnson Controls) во ТИРЗ Бунарџик и најавата за изградба на мегафабрика за автомобилски катализатори од страна на „Џонсон Мети" (Johnson Matthey).

Во сферата на **образованието** активностите на образовните институции во набљудуваниот период (декември 2007-јануари 2008 година) збирно може да се окарактеризираат како продолжување и продлабочување на активностите започнати во претходнот период. Јавно најзабележани беа активностите во врска иницијативата на Владата за медиумска кампања „Знаењето е сила, знаењето е моќ" со деветолетката, државната матура, справувањето со штрајковите во општините кои се соочуваа со проблеми во процесот на децентрализацијата, активностите во врска со Законот за високо образование и активностите во врска со зголемување на средствата од буџетот на Државата за образование, во согласност со Програмата Преродба во 100 чекори и Програмата на Владата на Република Македонија.

Евидентни се преземените настојувања за реформи во областа на **спортот и физичката култура**, а добиени се и првични резултати во реализација на некои тековни проекти, како и повеќе успешни спортски настапи на македонските селекции на интернационални натпревари, за што една од причините е токму и манифестираната иманентна поддршка од Владата на Република Македонија и Агенцијата за млади и спорт (АМС). Во овој временски период на мониторирање Владата на Република Македонија и АМС продолжија со започнатите активности во сферата на спортот и физичката култура.

Реформите кои се реализирани во оваа област се едни од најпрогресивните, меѓу кои како позначајни во изминатиов двомесечен период може да се спомнат следниве: продолжено е со реализација на двата најголеми проекти („Изградба на 35 спортски сали" и „Изградба на 50 помошни фудбалски игралишта"), се додека временските прилики тоа го дозволуваа; поддршката на македонските репрезентации за учество на меѓународни натпревари, како и наградувањето кое го применуваат Владата на Република Македонија и АМС за стимулирање на спортистите при учество на големите меѓународни првенства. Демонстрирана е конзистентност во ставот на Владата за водење грижа за своите репрезенти и подигање на дигнитетот на своите спортски амбасадори.

Од 01.01.2008 година стапи на сила Законот за **земјоделство** и рурален развој. Со овој закон се уредуваат планирањето на развојот на земјоделството и руралниот развој, целите и мерките на земјоделската политика и политиката на рурален развој, државната помош, дополнителните дејности на семејното земјоделско стопанство, квалитетот, ознаките,

прометот на земјоделските примарни и преработени производи, земјоделската и шумската механизација и опрема, форми на организирање во земјоделството, јавни услуги во земјоделството и земјоделскиот информативен систем.

За овој период е карактеристично раздвижувањето на пазарот за млеко во Македонија, кој досега беше контролиран од една поголема компанија, но со мерките на Владата во изминатава година се создадоа услови за конкурентност, а тоа носи и подобри цени за млекопроизводителите.

Во областа на **надворешни работи** е забележено зајакнување на активностите и капацитетите на македонската дипломатија под координација и високи залагања на Владата за да се трасира патот кон Самитот на Букурешт да се добие покана за зачленување во НАТО а подоцна и датум за започнување на преговорите со ЕУ.

Членството на Република Македонија во НАТО е сериозно загрозено од можноста за блокирање на овој процес од страна на Република Грција при одлуката на Самитот во Букурешт или при подоцнежната ратификација во грчкиот парламент. Датумот за почеток на преговори за членство во ЕУ веројатно ќе биде определен во втората половина на 2008 година, но интеграцијата во ЕУ е уште еден процес кој би можел да биде нарушен поради нерешениот спор за името со Грција.

Во делот на извештајот за **внатрешните работи и правосудството** се анализирани евроинтегративните реформски процеси, како и актуелната работа на Министерството за правда и Министерството за внатрешни работи во рамките на нивните секојдневни уставни и законски активности. Во тие рамки конкретно се опфатени реформите на: судскиот ситем, државната управа од областа на правосудството, активноста на новоформираната Академија за обука на судии и јавни обвинители, реформите во полицијата што произлегуваат од новиот Закон за полиција, реформите во интегрираното гранично управување, визниот режим, правата на странците, волјата за справување и мерките што ги преземаат и двете министерства и нивните организациони единици на полето на борбата против организираните форми на коруптивно однесување и криминални активности кои ги подриваат темелите на било кој општествено економски систем.

Во **здравството** меѓу другото е воведен европски модел на превентива според кој секој лекар треба да опфати минимум 15% од популацијата на годишно ниво, а притоа да ги евидентира и систематизира податоците. Извршена е и ревизија на моделот на плаќање на лекарите според кој ФЗО ќе исплаќа 60-70% главарина, додека останатите 30-40% ќе бидат исплаќани само по остварување на превентивните активности. ФЗО ќе им ги рефундира инвестираните средства за набавка на ЕКГ апарати и вложените средства за колпоскопски апарати во висина до 1000 евра. На Клиниката за гинекологија и акушерство ќе се креира национална база на податоци за ПАП тестови.

Проектот за единствена цена на лековите во целата земја започна да се реализира во јануари 2008 година; на аптеките им се даде рок од 30 дена да ги потрошат залихите на лекови кои ги имаа набавено по важечките пазарни цени, а целосната примена е предвидена за почетокот на февруари 2008 година.

Во Фонд за здравствено осигурување е воспоставен унифициран информатички систем помеѓу централата и 30-те подрачни единици. Системот овозможува одржување на квалитетна структура на податоци, како и висок степен на заштита на податоците на осигурениците. Системот претставува основа за електронско поврзување на сите чинители во здравствениот сектор, чија крајна цел е воспоставување на интегриран здравствен систем во Република Македонија и основа за воведување на електронска здравствена картичка и систем на плаќање по дијагностичко сродни групи. Од 01 јануари 2008 година, со воведување на дијагностички сродни групи (ДРГс) започна да се применува новиот начин на плаќање во болниците.

Во областа на **транспортот и врски**, во последните два мониторирани месеци во континуитет се одвиваат започнатите проекти, а за некои наскоро се очекува почеток на имплементација. И во овој период, задржан е конзистентниот став на Владата во поглед на остварување на зацртаната програма и превземање реформски активности, но воочливо е дека брзината на превземените реформи и активности во сите институции не се одвива со исто темпо.

Во двомесечниов анализиран период на ресорното министерство, како најзначајни превземени активности ќе ги истакнеме: Проектот за санација на мостовите на автопатот М-1; предадени се во собраниска про-

цедура на усвојување три исклучително важни закони од областа на градежништвото; потпишан е договор со најповолниот изведувач за изградба на Северната трибина од Градскиот стадион во Скопје, а работите на изградбата на спортската сала „Борис Трајковски" се приведуваат кон крај; воспоставена е нова редовна авионска линија на релацијата: Скопје – Софија.

Битно да се истакне е и тоа дека во оваа сфера за време на овој временски период донесена е Годишна програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта во Република Македонија, во вредност од 6,25 милијарди денари, а намената на најголемиот дел средства е за изградба на капитални проекти.

# 1. ФИСКАЛНА И МОНЕТАРНА ПОЛИТИКА

## 1.1. Реализирани активности во периодот на известувањето

### 1.1.1. Фискална политика

Главните активности на Владата на Република Македонија во периодот декември 2007 - јануари 2008 година во доменот на фискалната политика беа насочени, главно, во следните правци:

**1)** Натамошна релаксација (либерализација) на фискалната политика, со уште поинтензивно нагласување на нејзината развојна определеност, во чии рамки доминираат следните компоненти:

**а)** Програмската определеност за воведување низок и рамен данок на добивка и персонален данок на доход, Владата на Република Македонија ја заокружи со намалување на соодветните стапки од 12% на 10% со важност од 1 јануари 2008 година. Се очекува таквата мерка да се рефлектира во натамошно проширување на даночната основица, зголемување на даночниот морал кај даночните обврзници и, со самото тоа, до натамошно зголемување на приливите на средства во централниот буџет. Тоа не само што ќе резултира со остварување на планираните буџетски приходи во 2008 година, туку ќе создаде можност Владата на Република Македонија и натаму да води либерална фискална политика што ќе биде насочена кон остварување на планираната стапка на стопански растеж од 6 - 6,5%;

**б)** Согласно претходно преземените обврски со Договорот за стабилизација и асоцијација со ЕУ, на 1 јануари 2008 година за 10% се намалија царините за повеќе производи (свинско месо, млечни производи, кафе, маслинки, портокали, мандарини, тоалетни води, средства за хигиена, хартија, огледала, фрижидери, бојлери, мебел и др.), а за 5% се намали царината за какао во прав. Таквото намалување на царините се очекува да резултира со намалување на крајната малопродажна цена на тие производи, што ќе има поволно влијание врз одржувањето на планираната стапка на инфлација во 2008 година и врз подобрувањето на животниот стандард на населението, без притоа да се предизвика нарушување на проектираните приливи во централниот буџет на државата врз основа на царини;

**в)** Зголемените приливи во централниот буџет овозможија реализација на уште две значајни програмски мерки на Владата на Република Македонија.

Прво, Владата на Република Македонија одлучи од 1 јануари 2008 година пензиите да се зголемат во соодветен релативен сооднос како што следува:

- за 20% пензиите до износ од 6.000 денари;
- за 15% пензиите со износ од 6.000 - 12.000 денари;
- за 12% пензиите со износ од 12.000 - 15.000 денари;
- за 10% пензиите со износ над 15.000 денари.

Со тоа е извршена хармонизација на пензиите со претходно започнатото зголемување на платите на државната администрација и значително подобрување на животниот стандард на тој дел од популацијата, што повратно ќе има позитивни ефекти врз зголемувањето на домашната потрошувачка, а со тоа и на производството и вработеноста.

Второ, долгогодишното отсуство на сериозна буџетска интервенција во земјоделството е надминато со носењето одлука од страна на Владата на Република Македонија во текот на 2008 година да издвои 45 мил. евра за субвенционирање на производството во таа, исклучително битна стопанска гранка во Република Македонија. Субвенциите ќе им се одобруваат на земјоделските производители, најдоцна, во рок од 30 дена по извршената сеидба, а не, како што тоа беше порано, после извршувањето на жетвата на соодветните производи. Ефектот од таквата мерка ќе се согледа во значително, зголеменото производство и понуда на земјоделски производи на домашниот и на странските пазари, со очекувани значајни ефекти во спречувањето на натамошен поинтензивен пораст на цените (а со тоа, и на вкупната стапка на инфлација) на позначајните земјоделско-прехранбени производи во текот на 2007 година и во подобрувањето на состојбата во трговскиот биланс на земјата;

**г)** За поттикнување на земјоделството и за зголемување на вработеноста во таа стопанска област, Владата на Република Македонија воспостави кредитна линија што ќе се финансира со средства од централниот буџет (во рамките на Министерството за финансии е формиран единствен обновлив кредитен фонд за земјоделството, за чии пот-

реби од буџетот на Република Македонија се издвоени 34 мил. денари). На заинтересираните лица, во иднина ќе им се одобрува кредит во износ до 3.000 евра и уште по толку за секое дополнително ангажирано (вработено) лице (најмногу до 4 дополнителни лица.). Тоа значи дека за почнување т.н. семеен бизнис во областа на земјоделството, во кој би биле вработени, да речеме 5 лица, Владата на Република Македонија ќе одобрува кредит до 15.000 евра. Кредитокорисникот е должен да обезбеди учество од 25% од вкупно одобрен кредит за фамилијарен агро бизнис. Рокот на враќање на кредитот е до 3 години со една година грејс (grace) период. Каматната стапка по која се одобрува кредитот изнесува 1% годишно.

**2)** Во анализираниот период продолжија силните активности на УЈП во собирање на јавните приходи, кои главно се согледуваат во следното:

**а)** Канцеларијата за големи даночни обврзници ја засили функцијата "услуги на даночните обврзници" преку брзо и ефикасно давање одговори на прашања на даночните обрзници; го продолжи и го подобри електронскиот систем на поднесување даночни пријави (учеството на електронските во вкупните даночни пријави на крајот на 2007 година достигна до 65,13%), со што процентот на даночни пријави доставени во дадениот рок се зголеми на 96% од вкупните пријави; го задржа просекот од над 90% од износот на барањата за враќање на ДДВ да се реализира во законскиот рок до 30 дена итн.;

**б)** Во текот на декември 2007 година беа извршени 690 контроли на примената на Законот за готовински плаќања (фискализација). УЈП донесе 36 решенија за затворање објекти поради неиздавање фискална сметка при продажбата на соодветниот производ или услуга, што е значително помалку отколку во претходниот период од годината и што упатува на зголемената финансиска дисциплина на стопанските субјекти;

**в)** Во анализираниот период со несмалено темпо се вршеше наплатувањето на јавните давачки на правните лица и на граѓаните. Наплатените јавни приходи во ноември 2007 година изнесуваа 5,1 милијарди денари, а во декември 2007 година изнесуваа 4,4 милијарди денари. Тоа услови вкупно наплатените јавни приходи во текот на 2007

година да достигнат до 60,4 милијарди денари, што е за 3,3% повеќе од нивниот планиран износ за 2007 година;

**г)** Заради натамошно административно зајакнување на УЈП и за зголемување на нејзината ефикасност во остварувањето на даночните надлежности, во периодот декември 2007 - јануари 2008 година беа донесени: Законот за изменување на Законот за данок на добивка, Законот за изменување на Законот за персонален данок на доход, Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување, во кој се пропишани одредени одредби (членови 158 до 160) за даноците, Законот за изменување и дополнување на Законот за спречување на корупцијата, каде се пропишани одредби (во членовите 36, 36-а и 59 од Законот) што се однесуваат на работата на УЈП, Законот за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело за финансирање на тероризам, во чиј член 46 е предвидена одредба според која надзорот над примената на мерките и дејствијата утврдени со тој закон, Управата за јавни приходи го врши врз другите финансиски институции, трговските друштва што приредуваат игри на среќа и врз други правни и физички лица, носители на таквите мерки и дејствија; Правилник за изменување на Правилникот за издавањето на документ-касова сметка за сторна трансакција и за функционалните и техничките карактеристики што треба да ги имаат фискалните апарати и интегрираниот автоматски систем за управување.

Подготвени се, и се наоѓаат во собраниска процедура Законот за изменување и дополнување на Законот за даночна постапка, Законот за изменување и дополнување на законот за УЈП и Законот за регистрирање на готовинските плаќања.

**3)** Во функција на зголемување на финансиската дисциплина на даночните обврзници и на намалување на обемот на “сивата” економија во земјата, во почетокот на 2008 година стапија во сила неколку исклучително битни закони:

- Со Законот за платен промет се спречува можноста учесникот во платниот промет (правно или физичко лице) што има блокирана жиро сметка да може да врши плаќања на своите обврски спрема другите учесници во платниот промет со користење на договори за компензација, цесија, асигнација, преземање на долг и сл. (т.н. плаќање со пресметка). Со таквото решение се

елиминира можноста учесниците во платниот промет што имаат блокирана жиро-сметка да можат да го заобиколуваат плаќањето на обврските спрема државата врз основа на разните придонеси. Истовремено, се елиминира можноста тие учесници во платниот промет да ги користат таквите и слични платежни инструменти за да прикажат пониски основи за оданочување. А таквата појава се определува како еден од позначајните извори на "сива" или прикриена економија.

Следна значајна новина на тој закон е воведување електронски пари во платниот промет. Тие пари претставуваат замена за готовите пари во оптек, што исто така, ќе има силно влијание врз намалувањето на обемот на "сивата" економија во земјата.

Најпосле, согласно одредбите на тој закон, во иднина секое лице мора да има своја лична трансакциска сметка (т.н. платежен идентификациски број) преку која се вршат сите примања и плаќања на средства за потребите на нејзиниот корисник. Притоа, значајно е тоа што во случај некое лице да нема доволно средства на неговата трансакциска сметка во соодветната банка врз чија основа би требало да се реализира некое судско извршно решение за присилна наплата на неговите достасани обврски врз разни основи, неговата банка ќе мора да ги извести сите други банки да го запрат користењето пари од сметките што тоа лице ги отворило во тие банки се додека не се реализира налогот за присилна наплата во целост. Таквата новина е уште еден придонес за заштита на доверителите од финансиската недисциплина на нивните должници;

- Со Законот за изменување и дополнување на Законот за извршување, меѓу другото, прецизно и многу поенергично од порано е регулирано извршувањето на решенијата за присилно наплатување и на налозите доставени од судските извршители. На тој начин се избегнува долгогодишната практика должниците да бидат заштитувани за сметка на доверителите;

- Со Законот за спречување перење на пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам засилен е системот на мерки за спречување перење на пари и финансирање на тероризам, засилена е организациската поставеност на органите што вршат супервизија над субјектите што се задолжени да

преземаат мерки за спречување перење на пари, а засилена е можноста за соработка на меѓународен план за сузбивање на тоа зло во економијата.

### 1.1.2. Монетарна политика

Во набљудуваниот период продолжи реализацијата на основните цели на монетарната политика:

a) Одржување ценовна стабилност;

b) Зголемување на ефикасноста на банкарскиот систем преку засилување на банкарската супервизија.

Главните карактеристики на монетарната политика во периодот декември 2007 -јануари 2008 година беа следните:

**а)** Стабилноста на цените во земјата беше задржана. Со примена на постојната стратегија на “врзан” (за еврото) девизен курс на денарот и на останатите макроекономски фактори, стапката на инфлација во периодот јануари - декември 2007 година достигна до 2,3% што е незначително (за 0,3 процентни поени) над планираната годишна стапка на инфлација за таа година. Најсилно влијание врз порастот на инфлацијата имаше зголемувањето на цените на средствата за исхрана (учество со 1,4 процентни поени) и на цената на електричната енергија (учество со 0,4 процентни поени во годишната стапка на инфлација). Притоа, забележлив е и значаен пораст на стапката на инфлација за 4,9% во периодот октомври-декември 2007 година, првенствено како резултат на високиот пораст на цените на позначајните прехранбени производи во тој период, просечно за 10,4% на годишно ниво.

**б)** Продолжи скромното намалување на активните каматни стапки на банките (каматните стапки на кредитите). Во декември 2007 година нивната пондерирана големина изнесуваше 9,9% годишно. Просечната каматна маргина на банките во декември 2007 година се намали на 4,6 процентни поени;

**в)** Во набљудуваниот период продолжи зголемувањето на банкарските кредити одобрени на приватниот сектор. На годишно ниво нивниот пораст изнесува 39,1%, што меѓу другото резултираше со

позитивни промени во вкупниот пораст на економијата во 2007 година за нешто преку 5%. Во тие рамки продолжи зголемувањето на одобрените кредити на населението за станбени потреби, што беше забележано во сиот претходен период од 2007 година. Најсилна причина за тоа се атрактивните каматни стапки по кои се одобруваат станбените кредити (5,5% годишно) од страна на одредени банки во земјата, а што беше условено од зголемената конкуренција меѓу банките и од намалените трошоци за собирање финансиски средства од кои се одобруваат тие кредити;

**г)** Со цел да ја спречи појавата на интензивна кредитна мултипликација, која може да ги наруши основите на макроекономската рамнотежа во земјата, во декември 2007 година НБРМ донесе одлука со која ја прошири основицата (опфатноста на денарски и девизни депозити) за пресметување задолжителна резерва, која банките ја издвојуваат кај НБРМ што почнувајќи од февруари 2008 година ќе има значајно влијание врз намалувањето на кредитниот потенцијал на банките;

**д)** Во функција на зголемување на ефикасноста на банкарскиот систем и во согласност со новиот Закон за банките, Народна банка на Република Македонија донесе повеќе оперативни одлуки, кои значат усогласување на нејзината супервизорска акција со одредбите на новиот Закон за банките и супервизорските стандарди Basle II, кои значат зголемување на сигурноста и на стабилноста на банкарскиот систем во земјата. Меѓу нив, позначајни се Одлуката за управување со кредитниот ризик на банките, Одлуката за управување со валутниот ризик на банките и Одлуката за вршење консолидирана супервизија на банките.

## 1.2. Што останува да се имплементира (што не е имплементирано или не е доработено)

Програмските активности на Владата на Република Македонија во областите на фискалната и на монетарната политика се реализираат со планираната динамика. Анализите потврдуваат дека тие се реализирани со побрза динамика од планираната, што, како што е погоре наведено, услови Владата на Република Македонија да утврдува и да презема други мерки и активности што ќе имаат дополнителен реформски импулс во доменот од макроекономската политика на земјата.

Од друга страна, големиот број закони и други акти што се во надлежност на Собранието на Република Македонија и давањето приоритетност на други негови активности, услови дел од планираните активности да не се реализира во утврдените рокови. Овде, првенствено, се мисли на донесување закони за: НБРМ, девизно работење и за УЈП, потоа Царинскиот закон, Законот за изменување и дополнување на законот за даночна постапка и Законот за регистрирање на готовинските плаќања. Тие и други закони што регулираат материја од областа на финансиите се подготвени и ставени во процедура за донесување и се очекува да бидат донесени во претстојниот краткорочен период.

Една од позначајните, а нереализирани активности во утврдените рокови е одлагањето на усогласувањето на основиците за плаќање на придонесите за социјално осигурување и персоналниот данок на доход. Тој процес е одложен за 2008 година и ќе се реализира во три фази почнувајќи од 1 април 2008 година.

Во претстојниот период (најдоцна до крајот на февруари 2008 година) останува да се подготват и донесат (од страна на Советот на НБРМ) останатите одлуки со кои во целост ќе се заменат досега применуваните одлуки со кои се регулира супервизорското работење на НБРМ со нови, кои ќе бидат усогласени со барањата на новиот Закон за банки и особено со барањата на супервизорските стандарди Basle II.

## 1.3. Оценување на можни ризици од (не)имплементација или од недоволно квалитетна имплементација на активностите

Поради својата отвореност, македонската економија во текот на 2008 година ќе биде изложена на бројни надворешни влијанија, кои повремено можат да имаат шоковно дејство врз неа. Овде, првенствено се мисли на очекуваните зголемувања на цените на некои битни земјоделско-прехранбени производи (пченица, пченка, брашно, масло за јадење, млеко и млечни производи, средства за одржување хигиена и др.) и на нафтата и на нафтените деривати. Тоа, сигурно ќе се случи како резултат на недоволноста на тие производи поради климатски причини (суша), употреба на некои земјоделски производи за добивање на биогориво, но најмногу, поради нагло зголемената побарувачка и потрошувачка на тие производи во милионските земји Кина и Индија, кои бележат високи стапки на пораст на нивните економии, а со тоа и на

животниот стандард на нивното население. Во такви услови, македонската економија ќе се соочи со проблемот на повисока стапка на инфлација од планираната и зголемен обем на надворешно-трговски дефицит.

Сериозен ризик ќе претставува сегашната почетна фаза на рецесија на светската економија, со заканувачки индиции да се претвори во најголема светска економска рецесија во последните 60 години. Кризата со хипотекарните кредити во САД, по системот на "домино ефект", немилосрдно ги инфицира светските (а во тие рамки особено европските) економски текови и состојби. Со оглед на нејзината голема зависност од странство, реално е да се очекува дека дел од таа криза ќе се вовлече и во македонската економија.

Најпосле, своевиден ризик (во одредено сценарио, тој може да биде и позитивен) за македонската економија може да претставуваат начинот на кој ќе се реши политичкиот статус на Косово.

Поради таквите ризици, пожелно е надлежните органи на Република Македонија да изработат алтернативни сценарија за дејствување во конкретно настаната ситуација на светски и на соседски план. Со тоа, евентуалните шокови за економијата нема целосно да се избегнат, но можат значително да се намалат.

## 1.4. Општа експертска оценка за периодот на известување

Планираните мерки и активности во областите на монетарната и фискалната политика во текот на извештајниот период во целост беа реализирани. Во тој период, како впрочем и во претходниот извештаен период, Владата на Република Македонија донесе одредени мерки што не беа планирани но кои беа условени од актуелните економски состојби и движења во земјата, особено во доменот на фискалната политика и кои што ќе водат кон натамошно унапредување на полето за дејствување на економските субјекти.

Со тие мерки и активности значително се измени економскиот амбиент во земјата. Тоа услови 2007 година да може да се квалификува како најуспешна година од предолгиот транзициски пат на Република Македонија. Синтетичкиот ефект од вкупните промени во макроекономската политика на земјата во 2007 година се согледува во досега највисо-

киот остварен пораст на бруто домашниот производ на земјата од нешто преку 5% во однос на 2006 година.

Се разбира, таквите мерки и остварени резултати не смеат да претставуваат израз на самозадоволство, туку поттик за натамошно релаксирање и поттикнување на бизнис климата во земјата. Со несмалено темпо треба да продолжат останатите реформи во економијата и во областите што се блиски до неа. Со нивна реализација реално е да се очекува остварување на планираниот пораст на бруто домашниот производ на Република Македонија во 2008 година за 6-6,5%.

На тој пат Владата на Република Македонија ќе се соочи со бројни ризици што таа со своите дополнителни активности треба да ги намалува или да ги отстранува. Во тој поглед, најсериозна опасност можат да претставува зголемувањето на цените на одредени земјоделски и прехранбени производи и на нафтата и нафтените деривати, како и се посилната рецесија што зафаќа поголем дел од светот.

# 2. Трговска, индустриска и инвестициска политика

## 2.1. Имплементираните активности во делот на трговската и индустриската политика во периодот на известувањето

Во периодот 15-16 јануари 2008 година, во Скопје се одржа оценувачка мисија на Европската делегација за подготвеност на Република Македонија за отпочнување на официјални преговори за склучување на ПЕКА (Европски Протокол за оцена на сообразност на индустриски производи). Релевантни институции каде експертите од Европската комисија вршеа оцена на капацитетот за склучување на протоколот се Министерството за економија, Институтот за стандардизација, Институтот за акредитација, Бирото за метрологија и Државниот пазарен инспекторат.

Протоколот за оцена на сообразност и признавање на индустриски производи е билатерален договор помеѓу Европската Унија и нејзините земји-членки од една страна и земјата-кандидатот од друга страна. Според условите детерминирани во овој договор, на бизнис заедницата и се овозможува еднаков третман и слободен пристап на внатрешниот пазар на ЕУ за производите за кои се склучува, без притоа да подлежи на дополнителни барања за оцена на сообразност.

Заради интегрираност на македонската економија со онаа на ЕУ, индустрискиот сектор треба да покаже подготвеност за конкурентност во проширениот внатрешен пазар на ЕУ, соочувајќи се со еднакви услови на конкурентност на пазарот, укинувањето на доминантните позиции во домашното работење, укинување на механизмите за контрола на индустрискиот сектор, државниот монопол и државната помош. Генералната оценка од мисијата на делегацијата на Европската комисија врз основа на изнесените аргументи од презентирањето на позициите на релевантните институции за фактичката состојба, при завршување на дводневната мисија посочи дека Република Македонија е подготвена за втората фаза на подготовка на преговорите за склучување на ПЕКА, која се очекува да се оствари нова средба во мај-јуни 2008 година. До тој период, делегацијата на Европската Комисија ќе пристапи кон изготвување на Извештај со позитивна оценка од мисијата и искажаната подготвеност на Република Македонија за пристапување

во втората фаза, кој извештај ќе се достави до земјите-членки на ЕУ за одобрување.

Сериозно се доцни со проектот Регулаторна гилотина и крајните рокови се пролонгирани за 2008 година. Интересно е што на интернет страницата се уште стојат застарени крајни рокови што дополнително ја дискредитира оваа важна реформа.

Исто така вреди да се спомене дека матрицата на цели и активности за следење на реализацијата на Националната програма за усвојување на правото на ЕУ (НПАА) за 2008 во делот на роковите не е доволно прецизна имено повеќето активности се со краен рок - крај на 2008 година, а со почеток - јануари 2008.

Формирано е меѓуресорско тело за рурален развој и се подготвува извештај за Владата на Република Македонија кој ќе содржи проекти за рурален развој, а заради обединување и мониторинг од едно место.

Во делот на стратешките документи се донесуваат годишните програми како онаа за развој на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средни претпријатија, за подобрување на конкурентноста на македонските производи и услуги на пример како и спроведување на акционите планови.

Се доцни со донесување на Стратегијата за рамномерен регионален развој, а се формираше Советот за регионален развој. Овде мора да се укаже на потребата од квалитетни и навремени статистички податоци кои Македонија во моментот ги нема на она ниво кое е потребно.

Во делот на индустриската политика и студијата за мерење на индикатори за конкурентност на македонската индустрија/економија избран е консултант од страна на Светска Банка за изработка на индикаторите кои ќе бидат основа за изработка на стратегијата.

Во секторските стратешки документи за челичната индустрија укината е мерката на двојна проверка поради стекната доверба од страна на ЕУ а за 2008 година предвидено е спроведување на Годишен акционен план на работа во рамките на Националната програма за реструктуирање.

Кластерот како инструмент и натаму е доста успешен, а ИТ кластерот е најактивен регионално и остварува приходи по регионални проекти и е одржлив. Се очекуваат големи активности од дрвниот и текстилниот кластер.

Во туризмот за 2008 година се планира изработка на законска регулатива за Национална туристичка организација.

За подобрување на инвестиционата клима се реализира обука на избрани економски промотори за странски инвестиции кои ќе бидат пратени во амбасадите на Република Македонија. Промоторот во Италија веќе отпочна со активности. Одржан е и Форум за инвеститори од дијаспората. Одржани се состаноци на Координативно тело за Општествена Одговорност на Претпријатијата.

Владата подготви информација со предлог мерки за подобрување на деловната клима на РМ согласно препораките на Doing bussines[4] на Светска Банка.

Во делот на дерегулација има доцнење со проектот регулаторната гилотина. Единствениот електронски регистар на пописи (ЕЕРП) е пролонгиран за јуни 2008. Иако се очекуваше до крајот на 2007 да се донесе оценка на влијанието на регулативата (РИА) тоа не е исполнето и е пролонгирано за 2008 година.

Во делот на зајакнување на Малите и средни претпријатија ќе се објави конкурс за отварање на 8 нови бизнис центри во ЕЛС каде не постојат (воглавно во рурални средини) согласно заклучокот на Владата на Република Македонија. Исто така одржана е една конференција за Рамковна програма за конкурентност и иновации (ЦИП), а сега се спрема нова како и конференција за Инструмент за претпристапна помош (ИПА) фондовите.

Во делот на излез од пазарот се изготвува Интернет портал за реализација на Законот за стечај. Се спроведуваат обуки според акциониот план, се креира база на податоци за стечајни постапки, а се спроведува и обука на судии и обвинители. Се формира и Комитет за практична имплементација на Законот за стечај. Се работи и на воспоставување

[4] Стратегија за правење бизнис

на едношалтерски систем за доброволна ликвидација на друштва и доуредување на постапката за ликвидација во Законот за трговски друштва.

Во делот на поттикнување на иновациите во тек е подготовка на Програма за поттикнување и помагање технолошки развој насочена кон иновации и развој

## 2.2. Што останува да се имплементира (што не е имплементирано или не е доработено)

Во насока на документите кои ги донесуваат министерствата од особено значење е тие да бидат достапни на сите заинтересирани (Интернет) дури и во драфт верзија. Не би требало да претставува потешкотија да последната верзија од соодветниот документ биде секогаш достапен на крајот на денот на соодветната веб страница.

Останува да се очекува *ex post* евалуација од имплементација на акционите планови од програмите.

Се очекува бизнисите да ја превземат улогата на иницијатори за креирање и функционирање на и во пазарите во рамките на она што Владата ќе го обезбеди како правила на игра.

## 2.3. Оценување на можни ризици од (не) имплементацијата на одредени постапки или од недоволно квалитетната имплементација

Од особено значење за успехот на програмата на Владата е капацитетот на администрацијата за спроведување на зацртаните активности и за спроведување на реформите. Овде пред се е потребна политичка волја и инволвираност на поширок политички фронт т.е. и на позицијата и на опозицијата. За таа цел е потребно да Заменик премиерот за економски прашања и Агенцијата за државни службеници формираат работна група во која ќе бидат вклучени и експерти од опозицијата за спроведување на реформи на администрацијата. Реформите на администрацијата треба да бидат сопственост и водени од Владата, а не од странски проекти. Целта на оваа реформа не е намалување на бројот на вработени и/или учеството на плати и придонеси во централниот буџет или етникумот туку резултатите од работењето на администрацијата,

задоволноста на граѓаните, трансакционите трошоци за бизнисите и профункционирање на системот базиран на заслуги. Треба да се следи влијанието од зголемувањето на платите на администрацијата и да се види што се постигнало со таа мерка, а особено во делот на поефикасно работење.

## 2.4. Општа еспертска оценка за периодот на известувањето

Во овој период извршената и добиена проценка е дека Владата од условно речено подготвителниот дел на изработка на стратегии и документи преоѓа кон оперативно реализирање и имплементација преку изработените акциони планови во кои е прецизно утврдена одговорноста и крајните рокови.

# 3. Финансиски и пензиски систем

## 3.1. Имплементирани активности во периодот на известувањето

### 3.1.1. Финансиски систем

Во овој период на набљудување се спроведени низа активности.

Донесен е Законот за изменување и дополнување на Законот за хартии од вредност.[1] Со овој Закон на банките и брокерските куќи им се дава можност за спроведување на уште една дополнителна активност за своите клиенти, а тоа е чување на хартии од вредност што вклучува отварање и водење на сметки на хартии од вредност за клиенти во депозитар и други услуги со хартии од вредност по налог на клиентот.[2] Во Законот исто така се направени и измени во однос на Комисијата за хартии од вредност со цел јакнење на нејзината позиција како супервизорски орган на пазарот на капитал. Направена е целосна професионализација на комисионерите и се воведуваат критериуми за утврдување на висината на надоместоците кои ќе ги наплаќа Комисијата за хартии од вредност.

Новиот Закон за инвестициски фондови е усвоен од страна на Владата и доставен е до Европската комисија на мислење. Подготовката на новиот Закон за инвестициски фондови беше во насока на имплементирање на Директивите на Европската Унија.

На 29.01.2008 година, во Министерството за финансии се одржа седмиот состанок на Пазарниот комитет за развој на пазарот на државни хартии од вредност (ДХВ), на кој учествуваа претставници од Министерството за финансии, Народната банка на Република Македонија, како и претставници од учесниците на пазарот на капитал, односно од комерцијалните банки, пензиските фондови, инвестиционите фондови, Македонската берза АД Скопје и други заинтересирани.

[1] Службен Весник на Република Македонија" број 7 од 15.01.2008 година
[2] Исплата на дивиденда и/или камата, известување за собрание на акционери и сл.

### 3.1.2. Пензиски систем

Во изминатиот период усвоени се два Закони од страна на Собранието на Република Македонија и тоа:

- на 12.12.2007 година усвоени се измените и дополнувањата на Законот за пензиско и инвалидско осигурување (Сл. весник на РМ бр. 153/07)
- на 4 јануари 2008 година усвоен е Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување (Сл. весник на РМ бр. 7/08).

На 13 декември се одржа презентација на доброволното капитално финансирано пензиско осигуруванје во Р. Словенија пред словенечки банки, осигурителни друштва и финансиски институции. На 26 декември Министерот за труд и социјална политика одржа прес конференција на која ги презентираше идните активности во областа на доброволното капитално финансирано пензиско осигурување. На 30 јануари 2008 година Минситерството за труд и социјална политика, Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС) и програмата за поддршка на институциите во сферата на социјалната сигурност организираа Регионална конференција на тема: “Улогата на регулаторните тела во капиталното финансирано пензиско осигурување низ призма на ЕУ директивите.”

Во декември 2007 година Министерството и МАПАС организираа тркалезна маса состанок со деловните банки во Република Македонија “Улогата на банката чувар во капиталното финансирано пензиско осигурување во Република Македонија”. Во таа насока во јануари присуствуваа експерти од Хрватската регулаторна комисија и имаа поединечни средби со деловните банки во Република Македонија кои би имале интерес за добивање дозвола за чувар на средствата на имот во капиталното финансирано пензиско осигурување.

Во декември 2007 година МАПАС го намали надоместокот што се наплатува од друштвата за управување со пензиски фондови од 1,5% на 1% (Одлука за давање согласност на Одлуката за висината на месечниот надомест од придонеси што Агенцијата за супервизија на капиталното финансирано пензиско осигурување го наплатува од

друштва за управување со пензиски фондови за 2008 година (СЛ. весник на РМ бр. 158/07)

Во јануари 2008 година двете пензиски друштва го намалија надоместокот што го наплатуваат од придонесите што ги уплатуваат членовите на II пензиски столб, така што надоместокот од 1 јануари 2008 година ке изнесува 6,9 за едното пензиско друштво и 6,8% за другото пензиско друштво.

## 3.2. Што останува да се имплементира (што не е имплементирано или не е доработено)?

Во претстојниот период останува да се доработи следново:

- Закон за измена на Законот за издавање на обврзници на Република Македонија за денационализација е доставен до Собрание на Република Македонија. Носењето на овој Закон е со цел да се продолжи рокот за издавање на обврзници за денационализација од 6 на 8 години со цел процесот на денационализација да може да се приведе до крај, односно со предложените измени се овозможува да се извршат две дополнителни емисии на обврзници за денационализација.
- Изготвен е Закон за ревизија кој е во собраниска процедура и кој се усогласува со Законот за прекршоци.
- Изготвен е Законот за Народна банка на Република Македонија и доставен е до Секретаријатот за законодавство за усогласување. Измените кои се прават во Законот се насочени кон усогласување на законот со статутот на ЕСЦБ и протоколот на ЕСЦБ[3] и ЕЦБ[4] во насока на дефинирање на функциите, овластувањата и самостојноста на Народна банка на Република Македонија.
- Изготвен е Закон за измени и дополнување на Законот за супервизија на осигурување и е доставен до Влада на Република Македонија. Носењето на овој закон е од причина што беше потребно усогласување на Законот за супервизија на осигурување со третиот сет на предлози од регулаторната гилотина.
- Останува да се имплементира Новиот Закон за инвестициски фондови кој треба да го олесни основањето на инвестициски

[3] ЕСЦБ-Европски систем на банки
[4] ЕЦБ- Европска централна банка

фондови во Република Македонија кои ќе придонесат за придвижување на економијата на Република Македонија преку вложувањето на прибраните парични средства во хартии од вредност.

### 3.3. Оценување на можни ризици од (не) имплеметацијата на одредени постапки или од недоволно квалитетната имплементација

Постои доза на оптимизам во решавањето на проблемите во македонската економија за кои се има впечаток на тапкање во место според видливите резултати. Следните години ќе бидат огледало на досега сработеното и во двата сектори. Но главните двигатели на економијата мора да се бараат во решавање на невработеноста и растот на приходите. Преголем акцент е даден на влезот за членство во НАТО и ЕУ, за кое Македонија мора да обезбеди стабилен и сигурен пазар.

### 3.4. Општа експертска оценка за периодот на известување

Владата не најде начин да ги реши стечајните случаи во Македонија и да го реши проблемот со висока невработеност. И покрај измените во Законот за работни односи во кој стои дека при вработување договор на дело не постои, туку постои само вработување на определено и вработување на неопределено време сепак има одреден процент на вработувања во државните институции со т.н. неважечки договор на дело, што претставува лош пример за приватниот сектор.

И покрај тоа што оваа година имаме буџетски феномен, ниедна од погоре наведените забелешки не се најде за решавање во предвидените 2 милјарди и 93 милиони евра. Влезот на две друштва со три инвестициски фонда дефинитивно зборува за позитивна оценка за имплементација во финансискиот систем, а со новиот Закон за инвестициски фондови постои надеж за уште поголемо разигрување на пазарот на капитал односно се дава можност и на странски друштва за управување со инвестициски фондови, кои имаат добиено одобрение за работа во било која земја членка на Европската унија или ОЕЦД, да може да ги вршат истите услуги и на територијата на Република Македонија. Но сепак сеуште е рано да се зборува за состојба во која инвестициските фондови ќе станат конкуренција на банките во Македонија.

Позитивно може да се оцени одржувањето на конференцијата на МАПАС со која се разменија искуства за најзначајните прашања на кои треба да им се посвети внимание при спроведување на теренска и вонтеренска супервизија во рамки на капитално финансираното пензиско осигурување и усогласување на принципите на супервизија со ЕУ директивите со странските земји кои беа членки на конференцијата. Искуствата ги пренесоа меѓународни експерти од полето на пензиското осигурување и супервизијата на осигурувањето од Холандија, Бугарија, Словенија и Македонија, а учествувале преставници од земјите на СИСП проектот (Social institutional support programme): Хрватска, Србија, Албанија, Босна и Херцеговина, и набљудувачи од Косово и Р.Црна Гора. Исто така во позитивните оценки се вбројуваат и намалувањето на надоместокот што се наплатува од придонесите што ги уплатуваат членовите на II пензиски столб, така што надоместокот од 1 јануари 2008 година ќе изнесува 6,9 за едното пензиско друштво и 6,8% за другото пензиско друштво.

# 4. Економија на знаење

## 4.1. Имплементирани активности во периодот на известувањето

Во Програмата за работа на Владата 2006-2010 година може да се идентификуваат повеќе активности коишто се во функција на поддршка на адаптирањето на Република Македонија на новата економија на знаење. Ова е исклучително битно за постигнување на одржлив економски раст базиран на производство на производи и услуги со повисока додадена вредност.

Следниве активности, предвидени во Програмата за работа на Владата, може да се сметаат за имплементирани или во процес на имплементација:

а) Основање на Министерство за информатичко општество
б) Времено користење на интернет
в) Масовни обуки за работа со компјутери
г) Целосна компјутеризација на училиштата
д) Промоција на безготовинско плаќање, е-бизнис и е-Влада
е) Безжични инсталации за интернет на територијата на државата

Во месеците декември 2007 и јануари 2008 година, се случија повеќе работи кои одат во прилог на имплементирање на горенаведените политики и мерки. Прогресот во оваа област може да се идентификува како добар.

Целта „Основање на Министерството за информатичко општество“, може да се смета за постигната, со оглед на тоа што постои министер во Владата кој е посветен исклучиво на таа проблематика и успешно функционира со неговиот кабинет. Владата најави и основање на Секретаријат за информатичка технологија.

Во поглед на копјутеризацијата на училиштата, процесот се одвива тековно, а во јануари 2008 година, Владата отпочна пилот на проектот „Компјутер за секое дете“. Овој проект предвидува опремување на учениците во основното образование со лап-топ кој би бил замена за

дел од учебниците. Пилот проектот започна со реализација во три основни училишта во Скопје, Тетово и Битола.

Во правец на остварувањето на целта за зголемување на користењето на компјутерите и нивна популаризација, може да се каже дека првите позитивни резултати веќе се чувствуваат. Сепак, зголемена конкуренција на пазарот за интернет услуги и поквалитетен пристап ќе се почувствува со почетокот на работата на Wi-Max операторите. Операторот „Нексском", од почетокот на јануари, интензивно работи на поставување на сопствена мрежа, која на граѓаните ќе им нуди фиксни телефонски разговори и интернет. Се очекува услугите во Скопје да се понудат секој момент.

Проблемот со недостаток на кадар за ИТ индустријата, којшто веќе почнува да се чувствува и претставува проблем за развојот на оваа гранка со висока додадена вредност, Владата најави дека ќе го реши преку отворање нов државен универзитет во кој ќе се продуцираат врвни кадри од областа на информатиката. Македонскиот универзитет за информатички технологии, како што би се викала новата високообразовна институција се очекува да започне со работа најрано во 2009 или во 2010 година. Неговата локација се уште не е дефинирана. Наставата ќе биде на англиски јазик, а половина од кадарот ќе биде од најреномираните универзитети од Европа и од САД, а половината од Македонија.

Позитивен настан во периодот декември-јануари е и реактивирањето на работата на формулирањето на индустриската политика на Република Македонија од страна на Министерството за економија. Во овој период беше креирана меѓуминистерска работна група, а закажани беа и повеќе обуки и консултантски мисии во овој правец.

Во поглед на промоцијата на безготовинско плаќање, е-бизнис и е-Влада, Владата во периодот декември 2007 и јануари 2008 година презема повеќе активности:

а) Забрзување на активностите на изработката на националниот регистер на прописи, дозволи, лиценци и одобренија. Овој регистер се работи во соработка помеѓу Секторот за економска политика и регулаторна реформа при Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија и УСАИД. Се планира да

биде целосно оперативен најдоцна кон средината на 2008 година.

б) Увојувањето на Предлог-законот за катастар кој треба да го гарантира правото на сопственост, меѓу другото и со поголема ефикасност заради воведување на софтвер со кој по електронски пат секој граѓанин ќе може да има увид во неговиот предмет. Со новиот закон би требало да се избегне и можноста за злоупотреба на имот, односно, продавање на иста недвижност на повеќе лица.

в) Солиден прогрес во имплементацијата на стратегијата за информатичко-комуникациска технологија за правосудството 2007-2010 година.

г) Интеграција на информатичкиот систем на Фондот за здравство кој овозможува негова поврзаност со сите 30 подрачни единици на Фондот, а на осигурениците им понуди поквалитетни услуги. Една од главните придобивки од оваа интеграција е скусување на времето на исплата на боледувањата и тоа на не повеќе од 15 дена од пристигнувањето на документацијата. Проектот е финансиран со заем за целосно интегриран здравствен информатички систем до 2010 година од Светската банка.

## 4.2. Што останува да се имплементира (што не е имплементирано или не е доработено)

Активностите кои што ќе треба да се имплементираат во следниот период од мандатот на Владата се следниве:

а) Подобрување на протокот на знаење меѓу универзитетите и приватниот сектор

б) Основање на Центар за менаџерско образование

в) Воведување на „Образование низ целиот живот“

Недостатокот на активности во овие области се должи на тоа што имплементацијата во овие области е подолгорочна активност. На ова ќе треба да се посвети повеќе внимание во иднина.

До крајот на годината ќе треба да се видат и конкретните контури на програмите за воведување на „Образование низ целиот живот“ и за масовна обука на населението за користење на компјутери.

### 4.3. Оценување на можни ризици од (не) имплементацијата на одредени постапки или од недоволно квалитетната имплементација

Главна препорака за Владата во областа на адаптирањето на Република Македонија кон економијата на знаење е дека зголемувањето на буџетските средства за наука, развој и истражувања ќе мора да биде проследено со зголемување на капацитетот за администрирање на средствата во Владата, а особено во Министерството за образование и наука.

Во оваа насока, останува потребата за спроведување на кампањата насочена на фирмите, научно-образовните институции, здруженијата на граѓани и самите граѓани со која ќе се информираат за можностите кои ги нуди седмата рамковна програма на ЕУ за истражување, како и за процедурите за аплицирање за финансирање во рамките на оваа програма. Со оглед на тоа што исклучително битно за успешно користење на средствата од оваа програма ќе биде соработката со институциите, фирмите и асоцијациите од земјите членки на ЕУ и другите земји кандидати, потребна е поддршка за остварување на оваа соработка од страна на државните институции.

Како што беше напомнато, во иднина ќе биде неопходно поинтензивно да се работи на подобрување на протокот на знаење меѓу универзитетите и приватниот сектор и на основање на центар за менаџерско образование.

### 4.4. Општа експертска оценка за периодот на известување

Владата на Република Македонија продолжува со интензивна работа на имплементацијата на деловите од Програмата на Владата 2006-2010 кои се однесуваат на областа „економија на знаење“. Може да се каже дека активностите коишто се предвидени и можеа да се имплементираат во рок од една до една и пол година се во ек на имплементација. Од големо значење за адаптирањето на Република Македонија кон новата економија на знаење е, исто така и отпочнувањето со работа на фабриката на Johnson Controls во ТИРЗ Бунарџик и најавата за изградба на мега-фабрика за автомобилски катализатори од страна на Johnson Matthey. Овие проекти ќе помогнат во промена на структурата на производството во Република Македонија преку воведување на повеќе

производи со висока додадена вредност, но уште позначајно, тие ќе служат како пример за привлекување на нови greenfield инвестиции.

Она што следи во иднина е имплементацијата на проектите кои ќе бараат и административна реформа и сериозен инпут од државната администрација. За успешно спроведување на овие проекти, Владата ќе мора да продолжи да работи на изградување на капацитетот на администрацијата и нејзино мотивирање за вклучување во напорите за адаптација на македонското стопанство кон современата економија на знаење.

# 5. Образование

## 5.1. Имплеменираните активност во периодот на известувањето

Активностите на образовните институции во набљудуваниот период (декември 2007-јануари 2008 година) сумарно може да се окарактеризираат како продолжување и продлабочување на активностите започнати во претходнот период. Во основното образование продолжија активностите во врска со новиот наставен план за деветолетката и со него поврзаните прашања за новите наставни програми и наставните материјали (учебници) и наставници, согласно новите развојни циклуси во деветолетката. За одбележување е објавувањето на прирачникот за дополнителна настава за децата од основно образование од дијаспората со наслов Мојата татковина.

Во средното образование, вниманието беше сосредоточено на матурата. Врз основа на првичните сознанија од анализата на искуствата и резултатите од спроведената пробна државна матура може да се констатира дека системот е соодветно поставен и дека со негово дотерување врз основа на стекнатите сознанија и искуства, истиот може успешно да функционира како механизам за надворешно оценување и за подобрување на квалитетот на образованието.

Во високото образование, активностите се условени од постојните законски решенија и од приоритетите на Владата. Главното внимание го привлекуваше постапката за донесување на Законот за високо образование. Некои од понудените решенија се толкуваа како ризични за автономијата на Универзитетот. Во очекување на неговото усвојување се подготвија повеќе проекти кои треба да внесат нов динамизам во високото орбазование. Во согласност со програмските заложби за подигање на квалитетот на образованието објавена е иницијатавата формирање на Агенција за евалуација која би вршела оценка и проверка на акредитациите на високообразовните установи. И во овој период продолжи тенденцијата на Владата кон промоција на приватните виокообразовни институции и новоотворениот државен Универзитет во Штип.

Ова е петти и последен извештај подготвен врз основа споредување на остварувањата на Владата во областа на образованието со нејзините ветувања содржани во предизборната програма на ВМРО-ДПМНЕ, како партија која ја има главната одговорност за политиката на Владата на Република Македонија. Набљудувани се активностите за оставрување на главните образовни цели на предизборната програма - Преродба во 100 чекори и Програмата за работа на Владата на Република Македонија за периодот 2006-2010 година.

Со цел од таа перспектива да се опфатат најзначајните остварувања на Владата и другите образовни институции на планот на образованието, предмет на мониторирање беа активностите преземени од страна на самата Влада на Република Македонија, Министерството за образование, Бирото за развој на образованието и Парламентот на Република Македонија.

Мониторирањето на имплементирањето на активностите е направено врз основа на прифатената аналитичка матрица. Основата на таа матрица е осмото поглавје од Програмата за преродба во 100 чекори. Врз таа основа во овој како и во претходните извештаи се известува за остварувањата на Владата во поглед на четири образовни области и во нив поголем број на прашања: инвестиции и новитети во образованието (со десет прашања), подобрување на квалитетот на образованието (со пет прашања), зголемување на конкуренцијата во образованието (со шест прашања), инвестирање во спорот и физичка култура. Покрај овие активностите, во овие области се следеа и постигнувањата во однос на три специфични проекти: академија за менаџери, виртуелна библиотека, училиштен автобус како и низа други активности и остварувања кои иако не биле експлицитен дел од програмата за преродба во 100 чекори станале дел од работата на Владата за 2006 и 2007 година - било поради нивната програмска компактибилност било поради нивната континуирана државна важност.

Во поглед на законските иницијативи во овој период регистрирани се две остварувања. Собранието на Република Македонија го донесе Законот за образование на возрастите. Тоа претставува значајно остварување бидејќи со законот се регулира начинот на стекнување на формално образование на сите три нивоа (основно, средно и високо) и начинот на стекнување на квалификации и вештини без оглед на возраста (во периодот од 15-64 години). Законските решенија треба да придоне-

сат за намалување на многу висок процент на ниско образовани работоспособни лица (над 50% се со недооформено основно или со основно образование). Законот дава можност формално образование за возрасни да нудат сите основни и средни училишта и високообразовни институции. Важноста и ефективноста на овој закон треба да се гледа и во врска со иницијативата на Владата за донесување Закон за доживотно учење, која што беше актуализирана во еден од претходните извештаи.

Другата законска иницијатива која што го привлекуваше вниманието на јавноста е Законот за високо образование. По долго очекување и дотерување истиот, на почетокот на јануари, стигна на собраниска седница, но расправата за него беше одложена па предложена кон крајот на февруари (надвор од овде зафатениот извештаен период). Некои од предложените (а денес веќе усвоени) законски решенија предизвикуваат противречни толкувања во академската јавност. Дел од критиките укажуваат на опасности од партизација на јавните високообразовни институции. Овој ризик не смее да се потцени, бидејќи со тоа би предизвикало загрозување на темелниот уставен принцип на организацијата на виокото образование во Република Македонија – автономијата на Универзитетот. Од друга страна, Универзитетот е јавна институција и како таква има јавна мисија и јавни одговорности. Од тој аспект, клучно прашање на имплементацијата на Законот ќе биде урамнотежувањето на овие два принципи на организирање на современиот Универзитет.

а) Во областа на инвестициите и новитетите во образованието, најзначајно е тоа што е донесен Буџетот на Република Македонија за 2008 година во кој е предвидена значителна сума средства за набавка на нови училишни клупи и реконструкција во училиштата. Исто така, со Буџетот за 2008 година е направено првото придвижување кон остварувањето на програмската цел (од програмата Преродба во 100 чекори) за зголемување на буџетските средства за образование до ниво од 5% од БДП, со што Република Македонија се приближува до просекот на напредните земји од Западна Европа.

Во оваа рубрика, место заслужува и кампањата на Владата (под мотото Знаењето е сила, знаењето е моќ), со која преку телевизиски спотови, објава во весници, јавни трибини и слични активности со што се

афирмираат вредностите на образованието како личен и општествен развоен ресурс.

б) Подобрување на квалитетот на образованието: И во овој извештаен период главното внимание во однос на подобрувањето на квалитетот на образованието го преокупираа прашањата во врска со спроведувањето на државната матура. Со цел да најде рамнотежа меѓу, од една страна, академски и политички издржаната и прифатена намера и законското решение за воведување државна матура и, од друга страна, негативните ставови и реакции кај еден голем дел од средношколците и нивните родители, образовните власти спроведоа пробна матура. Со тоа се „скрши мразот“ и се придонесе за демистификација на прашањето. Првичните анализи покажуваат дека одговорните институции имаат капацитет и одговорност да го спроведуваат овој сложен, но за европската интеграција на македонскиот образовен систем важен механизам за проверка и подобрување на квалитетот на образованието. За успешноста на овој проект зборува масовниот одзив на средношколците на повикот од образовните власти да се пријават за полагање пробна матура.

Во функција на проверка и подобрување на квалитетот на образованието во овој период најавени се и иницирани активности за проверка на акредитациите на високообразовните установи. Оваа иницијатива добива и законска основа со донесувањето на Законот за високо образование кој предвидува оваа активност да ја врши тело независно од Одборот за акредитација. Може да се очекува дека со спроведувањето на оваа мерка, ќе бидат остранети или намалени некои од слабостите кои се појавија во почетната фаза од либерализацијата (приватизацијата) на развојот на високообразовниот сектор во земјата.

в) Зголемување на конкуренцијата во образованието: продолжи етаблирањето на новиот јавен Универзитетот во Штип. Исто така, продолжи и тенденцијата на Владата за нагласена јавна и друга поддршка на приватни високообразовни институции. Со ваквите потези се менува конкурентската положба на постојните и етаблирани државни Универзитети во полза на приватните или новооснованите. Тоа е конфликтен процес кој Владата до сега го менаџира на задоволително ниво, иако не смеат да се пренебрегнат скриените опасности од поткопување на местото, улогата и ресурсите на најголемиот државен Универзитет кој,

по според домашни и странски оценки, останува најзначајниот чинител во високото образование кај нас.

## 5.2. Што останува да се имплементира (што не е имплементирано или не е доработено)

Во изминатиот како и во претходните четири извештајни периоди регистрирани се значајни остварувања на планирани активности во областа на образованието. Дел од нив се завршени во роковите утврдени со програмата Преродба во 100 чекори. Дел од нив се во тек или нивното остварување зависи од ефикасноста и ритамот на работа на други државни институции (на пример, воведувањето на веронауката).

Имајќи предвид дека во овој и претходните извештаи ги нагласувавме остварувањата на образовните власти, овде ќе посочиме на оние активности кои се планирани, но чие остварување бара мобилизација на повеќе ресурси и повеќе време. Такви се зголемувањето на буџетските средства за образование до планираното ниво, реновирањето на студентските домови и изградба на нов студентски дом во Скопје, довршувањето на проектот за целокупна компјутеризација на училиштата, воведувањето II странски јазик во IVодделение, создавањето законски и други услови за отворање приватни средни училишта. Во високото образование останува да се реализираат идеите за негово проектно финансирање за поврзување со високо образовни и истражувачки институции од странство. Особено внимание треба да се посвети на состојбите со научно-истражувачките проекти.

## 5.3. Оценување на можни ризици од (не) имплементацијата на одредени постапки или од недоволно квалитетната имплементација

Во наредниот период се очекува влијание на неколку општи фактори на ризик во однос на остварувањето како на започнатите така и во однос на преостанатите планирани цели и активности во сферата на образованието. Ризиците се во основа вонобразовни, но нивното остварување претпоставува пресретнувачко дејствување на образовните инстанции.

Друг, силен фактор на ризик е намалувањето на капацитетот за дејствување на образовните институции поради кадровските состојби во Министерството за образование, пред се, најавените оставки.

Трет, дефокусирачки фактор ќе бидат проблемите на релација централна-локална власт. И во овој извештаен период беа присутни штрајкови во повеќе училишта во општини во кои децентралзацијата наидува на проблеми.

Важен, фактор на ризик, чии ефекти се чувствуваат веќе во овој период и кој најверојатно ке продолжи да дејствува и понатаму е дефокусирањето на јавниот интерес од образовните прашања и негово пренасочување кон безбедносните случувања во опкружувањето (евентуалната независност на Косово и конфликтите во врска со тоа, како и заканите со вето од страна на Република Грција на приемот на Република Македонија во НАТО).

### 5.4. Општа експертска оценка за периодот на известување

Општа оценка за овој двомесечен период е дека реформските активности започнати во претходниот период продолжиле и дека истите се надоградени или опера-ционализирани со повеќе иновации. Од аспект на главната цел на овој извештај – во која мерка се остварува концептот за одговорно лидерство – т.е. лидерство кое ги остварува своите предизборни програмски ветувања – може да се изведе општа позитивна оценка. Во предвидените термини се целосно остварени повеќе од планираните програмски цели. Преостанатите се започнати на време и се довршуваат или се во тек со динамика која е условена од влијанијата на другите сектори и од општите состојби во земјата.

# 6. Спорт

## 6.1. Имплементираните активности во периодот на известувањето

Главниот проект на Владата на Република Македонија и Агенцијата за млади и спорт (АМС) во областа на спортот „Изградба на 35 спортски сали", со оглед на крајот на градежната сезона, воглавно се одвива според предвидувањата.

Во изминатиов двомесечен период на мониторирање, предадена е во употреба уште една спортска сала (во Облешево), покрај досега останатите кои веќе се во употреба.

Започнати со градба се уште 15 спортски сали, од кои две се во фаза на технички прием.

За вториот по големина проект на Владата на Република Македонија и АМС за „Изградба на 50 помошни фудбалски игралишта", вредно е да се истакне дека е започнато со изградба на уште едно фудбалско игралиште во Радовиш, покрај досега започнатите девет.

Со оглед на започнувањето на зимата и крајот на градежната сезона, прекинати се градежните активности околу овој проект и се очекува со продолжување на реализацијата да се продолжи со започнување на градежната сезона.

Работите на изградбата на спортската сала „Борис Трајковски", која ќе биде најрепрезентативен спортски објект од затвоен тип во Република Македонија, се одвиваат со несмален интензитет и се очекува работите да привршат до почетокот на месец април.

Во изминатиов период АМС, даде поддршка во спортска опрема и финансиска помош на женската ракометна репрезентација на Република Македонија за учество на Светското првенство (СП).

За постигнатиот успех, пласман во втората рунда од Светското првенство, женската ракометна репрезентација на Република Македонија

беше наградена со 10 илјади евра од Владата на Република Македонија и АМС.

Со средства одобрени од Владата на Република Македонија и АМС беше набавена новата модерна спортсказемјена подлога за поставување во затворена сала, која треба да послужи за одигрување на натпреварите од „Дејвис Купот" помеѓу тениските репрезентации на Македонија и Латвија (08-10 февруари 2008 год.).

Доделена е награда во висина од 10 илјади евра, на ватерполо репрезентацијата на РМ за пласман на Европското првенство (ЕП), што ќе се одржи во Малага (Шпанија).

Потпишани се договори за наградување – стипендии, согласно законските определени услови со спортистите и спортските работници, кои постигнале резултати во последните три месеци од 2007 година.

Во соработка помеѓу АМС и Сојузот на спортски федерации, организиран е „Избор на спортист на Република Македонија за 2007 година". Станува збор за традиционален избор на најуспешен спортист од Република Македонија во изминатата година.

За 2007 година за најуспешен спортист во Република Македонија беше избран каратистот Иво Цветкоски, кој иако сеуште настапува во јуниорска конкуренција, на сениорското европско првенство постана европски вицешампион. Станува збор за еден од најперспективните македонски спортисти воопшто, од кој се очекуваат уште многу меѓународни успеси.

Националната анти допинг комисија, во последниот двомесечен период на мониторинг, ги интензивира своите активности во борбата против допингот во спортот, за што сме сведоци дека зема се поголем замав во светот на спортот во сите земји.

Превземени се следниве активности:

- Направени се осум нови допинг контроли на квалификационите мечеви во ватерполо во Скопје, а резултатите се во тек;

- Националната анти допинг комисија на Република Македонија, зачленета е во РАДО (Регионална Анти Допинг Организација на Југоисточна Европа), која е членка на ВАДА (Светска Анти Допинг Агенција);
- Се работи на подготовка на Анти допинг правилник;
- Се планира организирање на голем едукативен семинар со учество на сите спортски федерации од Република Македонија;
- Најава за нови анти допинг тестови во завршницата на националните првенства и куп натпревари во повеќе спортови.

АМС по повод новогодишните и Божикни празници, посети повеќе домови и институции за згрижување на деца без родители и деца со посебни потреби, при што им подари спортски блузони. Со акцијата беа опфатени преку 400 дечиња.

## 6.2. Што останува да се имплементира (што не е имплементирано или не е доработено)

Согласно актуелниот Закон за спорт, за еден спорт може да постои само една спортска федерација. Сеуште не е разрешен проблемот со две федерации во еден спорт, што е во колизија со Законот за спорт.

Иако се предадени во собраниска процедура (точка на 69 Седница), донесувањето на измените и дополнувања на Законот за спорт, сеуште не е реализирано.

## 6.3. Оценување на можни ризици од (не) имплементацијата на одредени постапки или од недоволно квалитетната имплементација

Како главни фактори на ризик, при имплементирањето на тековните, како и проектираните активности од областа на спортот, ги потенцираме следниве:

- главна причина за пролонгирање на роковите за реализација на започнатите проекти во моментов се временските влијанија и крајот на градежната сезона;
- предвидениот временски рок за реализација на планираните активности, кој поради амбициозните и кратки планови како и по-

ради прекинот во градежната сезона пројавува реална опасност од пролонгирање на крајните рокови;

- одржувањето на статус кво ситуација во еден од најтрофејните спортови во Република Македонија, може да делува дестимулативно на спортистите и спортските работници, особено што овој спор се провлекува веќе подолго време. Во време кога во карате спортот се постигнуваат најголеми резултати, ова може да говори за немање капацитет и храброст на одговорните за децидирање и резолутна примена на Законот за спорт. Всушност, станува збор за огромна дискрепанца помеѓу декларираните заложби и реализираното, во поглед на применување на правото и во сферата на спортот.
- недонесувањето на измените и дополнувања на Законот за спорт, може да се јави како кочница за понатамошен развој на спортот и покрај огромните напори кои ги вложуваат Владата и АМС.

## 6.4. Општа експертска оценка за периодот на изветувањето

Од спроведениот мониторинг на активности во сферата на спортот од страна на Владата на Република Македонија и Агенцијата за млади и спорт (АМС), во периодот на набљудување (декември 2007 - јануари 2008 година), може да се забележи интенцијата за воведување промени и повисоки стандарди и во оваа сфера.

Подеднакво внимание се посветува како на врвниот така и на рекреативниот спорт, за што може да посведочат повеќето започнати проекти. Една од новините во сфаќањето на спортот (репрезентативен), претставува и учеството на „странци" во репрезентацијата на Македонија. Иако тоа има и позитивни (поголеми успеси, посилна конкуренција, добивање „инстант готов спортски производ") и негативни (евентуално запоставување на македонските таленти) страни сепак кога се ќе се измери прецизно, она што останува да се памети е успехот на македонската репрезентација, и македонското знаме на победничкиот јарбол, и свирењето на химната на Република Македонија. Тоа впрочем го практикуваат и многу поголеми спортски нации од нашата. Пропустите и грешките од минатото кога еден македонски спортист постана европски и светски повеќекратен шампион за друга држава, треба да ни бидат поука. Колкава е загубата, нека посведочи фактот дека Ма-

кедонија од стекнувањето на својата самостојност па се до денес, нема ниту еден европски или светски шампион во било кој спорт.

Проектот за „Изградба на 35 спортски сали" како еден од главните и најголеми проекти од областа на спортот, се одвива во континуитет. Досега предадени во употреба се три спортски сали, две се во фаза на технички прием, а започнати со градење се уште 13 спортски сали. Првичните резултати се евидентни и ветувачки дека проектот успешно ќе биде изменаџиран и приведен кон крајот. Зголемување на темпото на активности се очекува со почеток на градежната сезона.

Вториот по големина проект на Владата на Република Македонија и АМС од областа на спортот, за „Изградба на 50 помошни фудбалски игралишта" во моментов се наоѓа во мирување, поради неповолните временски прилики за негова реализација. Досега започнати да се градат се 10 помошни фудбалски игралишта, дисперзирани низ целата територија на Република Македонија, од кои првите се очекува да бидат завршени до крајот на 2008 година. Со продолжување на реализација на овој проект се очекува да се стартува со почетокот на пролетта и подобрување на временските прилики.

Завршувањето на изградбата на големата спортска сала „Борис Трајковски" се очекува да приврши во месец април. Досегашните активности течат според предвидувањата. Значението на оваа спортска сала за македонскиот спорт е големо, особено за спортовите кои се одвиваат во затворен простор. Оваа сала ќе има мултифункционална намена, така да во неа во иднина ќе може да се организираат освен спортски натпревари и тренинзи, концерти, како и други културни настани.

Поддршката на македонските репрезентации за учество на меѓународни натпревари, како и наградувањето кое го применуваат Владата на Република Македонија и АМС за стимулирање на спортистите при учество на големите интернационални првенства, претставува вистински потег досега неприменуван во нашата земја. Демонстрирана е конзистентност во ставот на Владата за водење грижа за своите репрезенти и подигање на дигнитетот на своите спортски амбасадори.

Исклучително е значајно да се потенцира дека со потпишувањето на последните договори за стипендирање, се сведува на нула бројот на спортисти или спортски работници на кои државата им должи, со што

уште еднаш се истакнува владината определба во континуитет да стои позади оние кои бележат големи успеси за Република Македонија.

Особено е значајно да се истакне и заложбата на АМС во борбата против најголемото зло во спортот – допингот. На ова зло не се имуни ниту најголемите спортски ѕвезди во светот, затоа за поздравување се превземените и планираните активности на тој план. Треба да се биде упорен на тој пат и да се делува едукативно и превентивно.

# 7. Земјоделство

## 7.1. Имплементираните активности во периодот на известувањето

### 7.1.1. Развој на производството и поддршка на извозот

Во оваа област, во периодот на анализа (декември 2007 – јануари 2008 година), немаше некои значајни поместувања.

Раздвижувањето на пазарот на млеко по влезот на неколку компании, како што се Сведмилк, Данубе фудс, Дукат и други, најдобро се осети во овој период на известување. Земјоделците ја почуствуваа предноста на развојот на конкуренцијата на домашниот млечен пазар. Имено, откупната цена на млекото во моментов се движи помеѓу 22 до 30 денари за литар. Сега се создаваат услови, наместо досегашните вишоци да се јавува недостаток на млеко, затоа што фармерите се стимулирани за производство со поддршката од 2 денари по литар, но и заради побарувачката од страна на компаниите.

Владата во декември донесе одлука за заштита на некои производи. Се планира македонскиот ајвар да се брендира и во земјава и надвор, со што тој ќе стане типичен производ што ќе ги асоцира потрошувачите на нашата земја. На овој проект работи Министерството за земјоделство со Државниот завод за индустриска сопственост, кои заедно со Факултетот за земјоделство и Технолошкиот факултет работат на изработка на елаборат, кој треба да биде завршен до средината на март. Со ова официјално започнува процесот на брендирање на традиционалните македонски производи, како што се галичкиот кашкавал и беровското сирење.

Во врска со најавуваната компанија за поддршка на извозот, сеуште нема некои значајни чекори во овој период на известување.

Во делот на нетрадиционални производи во овој период на известување, на македонскиот пазар деновиве во продажба прв пат ќе се најде месо од ноеви одгледани во земјава. Се прават напори и има најава дека во земјава наскоро ќе има кланица со извознички број, со што ќе

им се помогне на одгледувачите на ноеви да го пласираат своето производство надвор од земјата.

Примери на заеднички домашно-странски вложувања во овој период не се евидентирани.

### 7.1. 2. Регулирање на сопственоста на земјиштето

Со донесувањето на Законот за земјоделско земјиште, се оформи правната рамка за регулирање на користењето, располагањето, заштитата и пренамената на земјоделското земјиште во Република Македонија. Една од слабостите која е евидентирана во Извештајот на Европската Комисија за напредокот во 2007 година е спороста во регистрацијата на земјоделското земјиште. Со овој закон се даваат основи за решавање на овој проблем.

Владата на Република Македонија на одржаната седница на 02.01.2008 година го усвои Предлогот за донесување на закон за катастар на недвижности со предлог на закон.

Државниот завод за геодетски работи (ДЗГР) воведе нов електронски сервис кој треба да ја зголеми сигурноста и брзината при трансакциите со недвижниот имот на граѓаните и компаниите.Новиот сервис им овозможува на корисниците, брз и едноставен пристап по електронски пат, до базата на податоци на ДЗГР, каде покрај податоци за носителите на правата, катастарските парцели, згради и посебните делови од зградите, одсега сите заинтересирани ќе можат да имаат увид во содржината на товарите, прибележувањата и ограничувањата. Засега податоците се достапни само за територијата на Скопје, но од наредната година се очекува, овој сервис да биде достапен и за податоците од целата територија на Република Македонија.

Во периодот на известување продолжени се активностите на Проектот “Катастар на недвижности и регистрација”, чиј имплементатор е Државниот завод за геодетски работи-Скопје (ДЗГР). Нивните активности, повеќе или помалку се одвиваат со предвидената динамика.

### 7. 1. 3. Буџетска поддршка

Јануари е месец на најава за следните буџетски субвенционирања на земјоделството. Во однос на 2007 година, кога беа одвоени 27 милиони евра за замјоделството, за годинава на земјоделците ќе им бидат поделени субвенции во висина од 45 милиони евра, што е досега највисока сума издвоена за оваа категорија производители. Наредната година субвенциите ќе достигнат 70 милиони евра, а веќе во 2010 година е најавено дека нивото на субвенции ќе достигне 100 милиони евра.

Годинава првпат Владата ќе одвои по 2.000 денари за регистрација на секој земјоделец, оризот ќе го стимулира со 100 евра од хектар, млекото ќе го стимулира со по два денара за литар, а ќе се поддржуваат и младите фармери преку двојно снижување на критериумите за добивање пари.

Во 2008 година, за рурален развој се одвоени 180 милиони денари, за разлика од лани кога поддршката беше 45 милиони денари. За земјоделците од ридско- планинските подрачја се предвидени олеснителни критериуми и 10 до 20 отсто повисоки субвенции, заради задржување на жителите во селата.

Поддршката на тутунот годинава ќе биде 30 денари за предаден килограм, пченицата, пченката, јачменот, оризот, сончогледот, маслодајната репка и сојата ќе се субвенционираат со по 100 евра од хектар, а стимулациите за млекото се проектирани на два денара за предаден литар. Средства ќе добијат сите производители на житни култури кои располагаат со површина од минимум половина хектар. Зголемена е и поддршката во лозарството. За килограм грозје предадено во винарска визба ќе се исплаќаат по два денара, а за подигнување нови насади по 120.000 денари, наместо по 80.000 како досега. За подигање нови овошни насади предвидени се 75.000 денари по хектар.Корекции во однос на субенционирањето има и во градинарството и во сточарството.

Според Министерството за земјоделство, пунктови на Агроберзата за откуп во Росоман и во Струмица ќе бидат отворени напролет, кога ќе поче новата производствена сезона на раноградинарски култури. Партнер на Агроберзата за оваа инвестиција е хрватската фирма „Агрокор”. Најдено е земјиште, парите се обезбедени, ладилниците се увезени и

сега забрзано се градат придружните објекти. До почетокот на мај 2008 година, ќе бидат ставени во функција двата откупни пункта, а за другите три планирани откупни пункта биле заинтересирани грчки и израелски фирми.

Друг вид на поддршка што е најавен за оваа година од страна на Владата е пренамената на средствата наменети за заштита на земјоделските посеви од град. Парите за оваа намена Владата ќе ги искористи за да им помогне на земјоделците да ги осигураат насадите. За овој владин проект се предвидени дополнителни 70 милиони денари, а ќе се бараат пари и од други извори. Владата одлучи да покрие 50 отсто од трошоците за осигурителната полиса.

### 7. 1. 4. Поволни услови за кредитирање

Само една банка официјално потврдува дека ќе пласира средства за поддршка на индивидуалните земјоделци и на земјоделските претпријатија со каматна стапка од 4 и 5 отсто. Средствата се обезбедени од Владата и вкупниот фонд изнесува 8,2 милиона евра. Досега Инвест банка ги финансираше земјоделците од сопствени средства и од кредитните линии ИФАД 1 и ИФАД 2.

Средствата ќе се даваат на земјоделци-фармери, како и на правни лица кои се занимаваат со преработка на земјоделски производи и со нивна трговија. Времетраењето на кредитите изнесува седум години со вклучен грејс-период. Износите на одделните кредити се меѓу 500 и 50.000 евра за примарно производство, односно до 150.000 за преработка и трговија со земјоделски производи. Зависно од износот, тие ќе се обезбедуваат со залог на подвижен имот или со хипотека.

### 7.1.5. Био храна

Иднината на земјоделското производство е во органските производи кои на странските пазари постигнуваат повисоки цени, поради што Владата за 2008 година планира двојно зголемување на субвенциите за овој вид производство, за кое годинава беа издвоени 11 милиони денари. Покрај зголемувањето на субвенциите, во наредната година ќе се настојува да се оствари сто отсто повисок извоз на еколошка храна од

годинешниот, кој достигна околу 200 тони, се најавува од Министерството за земјоделство.

Последните 10 години македонското органско производство бележи значителен прогрес, пред се, во однос на квалитетот, но продукцијата се уште не задоволува, бидејќи земјава нема количини за континуирано снабдување на големите пазари. За непречен извоз на органските производи Македонија мора да го усогласи своето законодавство со европската легислатива и со правните рамки на земјите од регионот.

Министерството за земјоделство најави дека поради големите потенцијали кои ги поседува органското производство се очекува 2008-ма година најмалку двојно да се зголеми бројот на сегашните 170 сертификати за органско производство. Македонските производители на органска храна кои имаат сертификат официјално ќе бидат регистрирани од почетокот на 2008 година. Раноградинарските култури, овошјето, лековитите и ароматичните растенија се потенцијално најпродуктивни од аспект на органска продукција.

## 7.2. Што останува да се имплементира (што не е имплементирано или не е доработено)

Неколку работи што беа ветени, а не се остварени, или само делумно се остварени се следниве:

- Формирањето на компанија за промоција на извозот на земјоделски производи и откуп;
- Прашањата за регулирање на земјоделското земјиште и неговата распределба;
- Подобрените услови за кредитирање во делот на хипотекарни недвижнини на село, долгорочни кредити за купување на земјиште;
- Имплементација на ИПАРД програмата;
- Имплементација на реформите за користење и управување со иригационите системи.

Покрај ветените работи, очекувањата на земјоделците, а и на Европската унија се во следнава насока. Европската унија објави оценка на состојбата околу земјоделството во Македонија, паралелно со истите из-

вештаи за сите земји-членки и кандидати. Според Брисел, Македонија не може да се пофали во оваа сфера, бидејќи има ниска продуктивност, а тоа што се произведува не е во согласност со стандардите на Унијата. Како причина се наведува застареноста на земјоделските машини, лимитираниот капацитет да се инвестира во овој сектор, лошата старосна и образовна структура на тие што се занимаваат со земјоделство, зачмаеноста на селата и слично. Она што ја охрабрува ЕУ е добрата зачуваност на растителното и животинско богатство, но забележува дека во некои области има проблем со чистотата на водата и на воздухот. За селата се нагласува дека имаат многу неразвиена инфраструктура, и водоводна и патна, и дека многу семејства живеат само од приходите од оваа гранка.

## 7.3. Оценување на можни ризици од (не) имплементацијата на одредени постапки или од недоволно квалитетната имплементација

Со оглед дека не е мал бројот на населението кое се занимава, и има допирни точки со земјоделството, според последниот попис околу 190.000 семејства, од исклучителен социјален и економски ризик е неимплементирањето на политиките во овој сектор.

Во периодот на известување, активностите имплементирани од страна на Владата даваат надеж дека зацртаната политика се спроведува.

Еден од клучните ризици кои можат да се видат сега е ненавременото усогласување со Заедничката земјоделска политика на ЕУ. Како земја кандидат Македонија во делот на земјоделството треба многу да стори во хармонизирање со земјоделската политика на ЕУ. Како пример, најголемото поглавје од прашалникот, а со тоа и најчувствителните преговори со ЕУ за пристапување ќе бидат во земјоделството. Тоа е комплицирана материја, со многу регулативи и препораки, мерки за субвенционирање, ограничувања на слободниот пазар и слично.

## 7.4. Општа експертска оценка за периодот на известувањето

Мерките превземени во овој период ја следат тендецијата за напредок. Посебно се издвојува раздвиженоста со инвестирањето во млечната индустрија, како на домашни, така и на странски компании.

Во делот на донесување на регулативата, најзначајно е донесувањето и стапувањето во сила на Законот за земјоделство и рурален развој и Законот за земјоделско земјиште.

Во делот на субвенционирање на земјоделското производство, впечаток е дека оваа Влада има особено чувство и покажува интерес за зголемување на субвенциите во земјоделството. Проблемот што евентуално може да се јави е имплементацијата на субвенциите, нивната транспарентност и применливост на критериумите. Треба да се избегне замката во која овие субвенции може да западнат, а тоа е да бидат повеќе социјална, отколку развојна категорија.

Неопходно е во претстојниот период да се усогласат системите на контрола на храната заради полесен мониторинг од страна на ЕУ. Од наредната година секој угостителски, занаетчиски и преработувачки објект на храна ќе мора да го има имплементирано системот ХАССАП, кој гарантира безбедност на храната. Во практична смисла тоа би значело дека секој производствен капацитет на храна, секој ресторан, кафеана, па и киоск и бурекчилница од 1 јануари 2009 година ќе бидат затворени доколку го немаат имплементирано или не се во фаза на имплементација на овој систем. Станува збор за задолжително поседување на системот, а не индивидуална желба за негова практична примена.

Во овој дел исто така треба да се напомене и имплементацијата на стандардите за свежите земјоделски производи и добрата земјоделска пракса, кои не се со закон обврзувачки, но се исклучително значајни при извозот на овие производи на пазарите од Европската унија и пошироко. Од годинава првпат се воведува помош за сертификација на квалитетот и безбедноста на храната, која покрива 50 отсто од трошоците. За оваа намена се планирани вкупно 9,2 милиони денари. Новина е и поддршката на фармери на возраст до 45 години, кои ќе добиваат еднократна помош за почнување семеен бизнис.

И за овој период на известување повторно треба да се напомене оценката за недоволно ангажирање во образованието во земјоделството и имплементација на програми за обука и помош. Исто така многу малку е направено во развојот на советодавните служби и научно-истражувачката работа. Финансиските олеснувања, буџетската поддршка, странските инвестиции и други мерки кои се имплементираат, ќе го

немаат посакуваниот импакт на развој доколку не се посвети поголемо внимание на развојот на човечките ресурси и истражувањето.

ЕУ преку програмата ИПАРД најавува помош за модернизација на производството во оваа гранка, но наедно и притисок да се почитуваат стандардите на Унијата во однос на тоа колку е здрава храната и колку е во согласност со ветеринарните, фитосанитарни и еколошки барања на Брисел. Притоа се спомнува дека, за да се оствари сето ова, ЕУ веќе има одвоено 25 милиони евра помош, кои ќе бидат потрошени во 2008 и во 2009 година. Република Македонија треба да биде спремна и да знае како да ги добие и како да ги потроши овие средства. Човечките капацитети тука се од круцијално значење.

# 8. Надворешни работи

## 8.1. Имплементираните активности во периодот на известувањето во областа на надворешни работи

Поставените цели за исполнување на критериумите за добивање на покана за членство во НАТО на самитот во Букурешт се исполнети, Собранието ги усвои потребните законски акти во почетокот на декември, после усогласените ставови на сите политички субјекти, но аспирациите на Република Македонија за членство во НАТО и Европската унија се под закана за блокада од страна на Република Грција, со оглед на отвореното билатерално прашање во врска со разликите околу името.

Со работа започна Националниот совет за евро-интеграции, каде што беше демонстрирано единство меѓу сите политички партии во однос на стратешките прашања на патот кон членство во Европската унија.

Поддршка за остварувањето на оваа цел пристигна од повеќе држави, меѓу кои и државата која претседава со Унијата – Словенија. Во Извештајот за напредокот на Македонија подготвен од страна на Ерик Мејер, член на Европскиот парламент, се препорачува Македонија да добие датум за преговори за членство во декември 2008 година.

Премиерот на Република Македонија г-дин Груевски присуствуваше на самитот ЕУ-Африка во Лисабон, притоа оствари средби со повеќе државници: германскиот канцелар Ангела Меркел, со италијанскиот премиер Романо Проди, со високиот претставник на ЕУ за надворешна и безбедносна политика Хавиер Солана, со претседателот на Финска, Тарја Халонен, со холандскиот премиер Јан Петер Балкененде, како и со министерот за надворешни работи на Холандија, Максим Верхаген. Груевски оствари средби и со премиерите на Турција, Естонија и на Словенија, Реџеп Таип Ердоган, Андрус Ансип и Јанез Јанша, како и со австриското канцелар Алфред Гусенбауер.

Американската амбасадорка во Македонија им врачи медали на 36 припадници на АРМ кои учествувале во мировната мисија "Слобода за Ирак", а во однос на врските со САД, претседателот на Комитетот за

надворешни работи на Конгресот на САД, Том Лантос, испрати писмо до министерот за надворешни работи на Република Македонија во кое ја изразува благодарноста за напорите што Македонија ги прави за да и излезе во пресрет на еврејската заедница во државата.

Како дел од напорите за исполнување на критериумите за членство во ЕУ, Република Македонија, како држава-кандидат за членство воведе визи за државјаните на над 140 држави во светот. Во насока на зацврстување на врските со соседните држави, воведена е редовна авионска линија на релацијата Скопје-Софија.

Централно прашање во македонската надворешна политика остануваат разликите во врска со името што државата ги има со Република Грција. Поддршка за Република Македоија, изрази и Ерик Мејер – подготвувач на резолуцијата за Република Македонија во Европскиот парламент, а поддршка за добивањето на покана за членство во НАТО без разлика на резултатот од разговорите, изрази амбасадорот на САД во Грција, Даниел Спекхард, како шефот на словенечката дипломатија Дмитриј Рупел. Од домашната јавност силна поддршка стигна и од Македонската православна црква, која нагласи дека ќе се спротивстави на секаков обид на државната власт за промена на името. На претставниците на МПЦ не им беше дозволено да присуствуваат на погребот на грчкиот патријарх Христодулос во Атина.

Во јануари во Охрид се одржа средба на посредникот во разговорите, Метју Нимиц, со претставниците на двете држави, при што за прв пат домаќин на една средба беше министер за надворешни работи. На оваа средба Македонија предложи потпишување на заедничка декларација за пријателство и соработка со Грција, но овој предлог не беше прифатен од другата страна. Исто така, министерот за надворешни работи г-дин Милошоски ја повтори поканата до неговата грчка колешка Дора Бакојани за директни преговори за отворените прашања. Милошоски го спореди правото на вето со право на атомско оружје, и ја изрази надежта дека Грција е сериозна држава која два пати ќе размисли дали ќе употреби таква можност.

Република Македонија во декември го зголеми бројот на учесници во мисијата “Слобода за Ирак”, операција во којашто се испратени нови 36 војници на АРМ. Исто така, Собранието на Република Македонија

донесе одлука за испраќање на единици на АРМ во мировната операција на ЕУ во БиХ – "Алтеа".

Министерот за одбрана г-дин Лазар Еленовски ги посети македонските мировници во Ирак и Авганистан, а оствари средба и со командантот на мултинационалните сили во Ирак, Дејвид Петреус. Г-дин Еленовски во изминатиот период оствари и средба со неговиот британски колега Дес Браун.

Во рамките на соработката со НАТО, делегација на Република Македонија предводена од премиерот на Република Македонија г-дин Груевски учествуваше на редовниот состанок на Македонија со Северноатлантскиот совет во Брисел.

Во периодот декември 2007-јануари 2008 година продолжи остварувањето на голем број средби на министерот за надворешни работи, меѓу кои и со претседателот на Европскиот парламент, претставници на Европската комисија, заменик-генералниот секретар на ОН, постојаните претставници на ОН на државите постојани-членки на Советот за безбедност, членови на Конгресот и Сенатот на САД, итн. Министерот за надворешни работи на Република Македонија г-дин Милошоски присуствуваше и на значајниот Форум на алијансата на цивилизации кои се одржа во Мадрид во јануари 2008 година.

Министерството за надворешни работи, во согласност со одлуката на Владата, купи три објекти во кои ќе бидат сместени дипломатско-конзуларните претставништва во Љубљана, Будимпешта и Истанбул.

## 8.2. Што останува да се имплементира (што не е имплементирано или не е доработено)

Без разлика на отворените закани за употреба на вето од страна на Република Грција, Македонија нема избор освен да продолжи во напорите за завршување на сите реформски процеси, кои ќе придонесат за политичка стабилизација и економски напредок.

Како област во која е потребна дополнителна активност на државата може да се посочи поддршката на Македонците кои живеат на териториите на соседните држави, во согласност со добрососедските односи и меѓународно-правните документи.

## 8.3. Оценување на можни ризици од (не) имплементацијата на одредени постапки или од недоволно квалитетната имплементација

Однесувањето на Република Грција и можноста за употреба на правото на вето претставува високо-ризичен фактор за шансите Македонија да добие покана за членство на Самитот на НАТО во Букурешт. Притоа, потребно е Република Македонија да биде подготвена за адаптација на надворешната политика во согласност со евентуално новонастаната состојба, во која и покрај исполнетите критериуми, државата нема да биде интегрирана во НАТО алијансата. Доколку едната страна експлицитно ја прекрши времената спогодба од 1995 година, ќе се создадат нејзините одредби да не претставуваат обврска и за другата страна.

Постојат одредени безбедносни ризици после прогласувањето на независност од страна на властите во Косово, при што е неопходна засилена контрола на државната граница, како и тесна соработка и координација со силите на НАТО.

## 8.4. Општа експертска оценка за периодот на известувањето

Се забележува извесен притисок врз македонската влада за натамошни отстапки во однос на прашањето за името, кое прерасна во централно прашање за евро-атлантската интеграција на Македонија, иако не е дел од критериумите за членство во ЕУ и НАТО. Препорачлива е натамошна афирмација на придонесот на Македонија за регионалната стабилност, конструктивноста во однос на решавањето на статусот на Косово, учеството во мировните мисии, а најголемо внимание би требало да се посвети на веќе направените отстапки. Ставот на Република Грција дека нејзината позиција нема да прифати употреба на терминот “Македонија” во рамките на т.н. “сложено име” е неприфатлив бидејќи овој термин е дел од референцата со која се именува државата во ОН и останатите меѓународни организации веќе 15 години. Исто така, Република Македонија јасно го демонстрира пријателството и прифаќањето на принципот на неповредливост на границите во својот устав.

# 9. Внатрешни работи и правда

## 9.1. Имплементираните активности во периодот на известувањето

### 9.1.1. Реформи во правосудство

Реформите во правосудството се во директна корелација со докомплетирањето на Судскиот совет на Република Македонија (во понатамошниот текст „Советот”) кој претставува основа за реформите во судските органи и основа за зајакнување на судската независност како и една од основните реформи на Република Македонија на нејзиниот пат кон Евро – атланските интеграции. Предвидениот рок за докомплетирање на Советот беше крајот на септември кој не беше запазен поради неусогласените ставови за преостанатите четири кандидати за членови на Советот помеѓу позицијата и опозицијата односно Владата на Република Македонија и Претседателот на Република Македонија Бранко Црвенковски.

Во референтниот период (со задоцнување од два месеци) е избран и последниот член на советот на предлог од претседателот Црвенковски. Тоа е судијата од Основниот суд Скопје Насер Хаџи-Ахметовиќ кој беше избран за член на Советот од Собранието на Република Македонија на 25.12.2007 година со што Советот започна да функционира во полн состав.

Во референтниот период Советот одржа четири седници на кои се избрани претседатели на апелационите судови во Скопје и Гостивар, избран е претседателот на новоформираниот Управен суд со седиште во Скопје, а избрани се и претседатели на основните судови во: Охрид, Струга, Крушево и Кратово и вршител на должноста претседател на Основниот суд во Дебар. Поведени се постапки за разрешување на пет судии поради несовесно и нестручно вршење на судската функција, донесени се одлуки за престанок на вршење на судската функција на еден судија од Основниот суд во Скопје и одлука за престанок на судиската функција на две судии од Апелациониот суд Скопје на нивно барање. Донесена е и една одлука за времено разрешување на еден судија од Основниот суд во Прилеп. Донесена е одлука за распишу-

вање оглас за избор на претседатели на Основните судови во Битола и Дебар.

На 10.12.2007 година со работа започна новоформираниот Управен суд, откако избраните судии[5] во текот на ноември минатата година, завршија интензивна обука (60 часа), од областа на управното право во организација на Академијата за обука на судии и јавни обвинители.

За претседател на судот е назначена судијата Розалија Кочковска. Во надлежност на Управниот суд се управните спорови[6] преку кои ќе се обезбеди судската заштита на правата и правните интереси на физичките и правните лица и обезбедување законитост на актите на органите на државната управа, на Владата, општините и Градот Скопје. Низ постапките пред суд, пред идните шест совети, граѓаните ќе можат да ги заштитат своите лични права и слободи, од областа на здравственото, пензиското и инвалидското осигурување, даноците, царините, извршување на концесиски договори и јавните набавки за именување и разрешување на носители на јавни функции, како и за судирот на надлежности меѓу централната и локалната власт.

На 17.12.2007 година во Гостивар со работа започна новоформираниот Апелационен суд кој ќе одлучува во второстепена постапка по жалбите против одлуките на Основните судови од Тетово, Гостивар, Кичево и Дебар. За претседател на судот е назначен судијата Ештреф Буфи. Судиите[7] на судот ќе бидат распоредени во четири судски совети ќе одлучуваат по жалбите на споменатите судови.

Согласно новиот Судски деловник кој стапи на сила на 01.01.2008 година во судовите е внесена обврска за задолжително електронско заведување на предметите и нивна електронска распределба по случаен избор на судиите. Реализирана е Програма за обука на судската администрација при што се обучени 250 службеници за водење на уписниците во електронска форма.

[5] На 29 и 30 октомври проширениот состав на Судскиот совет избра 18 судии за Управниот суд.
[6] Од Врховниот суд на Република Македонија во надлежност на новоформираниот Управен суд му се пренесени 6664 предмети.
[7] На 29 и 30 октомври проширениот состав на Судскиот совет избра 11 судии за Апелациониот суд во Гостивар.

Во референтниот период Академијата за обука на судии и јавни обвинители (АОСЈО) продолжи да ја спроведува почетната обука[8] на 27 кандидати. За успешна реализација на почетната и останатите обуки на АОСЈО Управниот одбор на академијата донесе Одлука за дополнување на одлуката за утврдување на листа на постојани и повремени едукатори во Академијата за обука на судии и јавни обвинители – бр. 02-551/3 од 28.12.2007 година. Заради спроведување на програмата за првична интензивна обука на судиите избрани во Управниот суд за 2007 година, Управниот одбор исто така донесе и Одлука за утврдување на листа на едукатори за спроведување на програмата за првична интензивна обука на судиите избрани во Управниот суд за 2007 година – бр. 02 – 449/3 од 21.12.2007 година и Одлука за дополнување на одлуката за утврдување на листа на едукатори за спроведување на програмата за првична интензивна обука на судиите избрани во Управниот суд за 2007 година – бр. 02-551/2 од 28.12.2007 година.

Согласно горенаведените одлуки, едукативниот процес во Академијата непосредно го спроведуваат вкупно 108 едукатори и тоа 58 постојани едукатори, од кои 43 судии и 15 јавни обвинители, и 50 повремени едукатори, од кои 5 судии во пензија, 25 универзитетски професори, 4 адвокати и 16 други експерти. Согласно правилникот за одделни теми и области беа ангажирани и 7 ад хок експерти (домашни и странски) од разни области. Во референтниот период предвидената почетна обука за овој период е реализирана во целост.

По завршување на теоретскиот дел од обуката кандидатите ќе бидат подложени на практична обука врз принципот на менторска работа. За таа цел академијата на седницата на Управниот одбор одржана на 27 декември 2007 година се разгледа листата на ментори утврдени од Судскиот совет и Советот на Јавни обвинители на Република Македонија каде вкупно утврдени се 70 ментори и 19 заменици. Теоретската настава за почетната обука за првата генерација на кандидати за судии и јавни обвинители ќе заврши на 15 февруари 2008 година по што започнува практичниот дел од почетната обука.

Во насоки на реализација на Програмата за постојано стручно усовршување за 2008 година, Академијата изготви и Управниот одбор на седницата одржана на 27.12.2007 година усвои:

---

[8] Обуката започна на 17 септември 2007 година

- Календар со планирани обуки за постојано стручно усовршување за 2008 година;
- Детален календар на планирани задолжителни обуки за постојано стручно усовршување на судии, јавни обвинители и стручни соработници за јануари – февруари 2008 година;
- Рамковен календар на планирани обуки на претседатели на судови и шефови на јавни обвинителства за 2008 година;
- Рамковен календар на планирани обуки за постојано стручно усовршување на стручни соработници за 2008 година;
- Рамковен календар на планирани обуки за постојано стручно усовршување на раководни службеници и стручно административни службеници во судовите и јавните обвинителства за 2008 година и
- Рамковен календар на планирани обуки за постојано стручно усовршување на административни судски и обвинителски службеници за 2008 година.

Календарите се доставени до секој суд, јавното обвинителство и Министерството за правда. Во календарите се опфатени теми согласно Програмата за постојано стручно усовршување, прилагодено на актуелните потреби од обука на судиите и обвинителите како: борба против корупција, новата улога на јавните обвинители, малолетничка правда, индустриска сопственост[9].

На седницата на Собранието на Република Македонија одржана на 03.12.2007 година донесени се Законот за Советот на јавни обвинители на Република Македонија[10] и Законот за јавното обвинителство[11], кои требаше да бидат донесени за време на претходниот референтен период (октомври – ноември 2007 година). Истите имаат вонредно големо значење во градењето независно правосудство и органи за кривичен

[9] Академијата е вклучена во Програмите во делот на обуката на повеке министерства, како Министерството за правда, Министерството за финансии, Министерството за економија, Државната комисија за спречување на корупцијата, Државниот Завод за индустриска сопственост и други. Така, Академијата се вклучи и во проектот на Министерството за финансии REPAIS, потоа поднесен е предлог проект до УНИЦЕФ, а ќе продолжи и соработката со OPDAT и Набљудувачката мисија на ОБСЕ во Скопје.
[10] “Службен весник на РМ“ бр. 150 од 12.12.2007 година.
[11] Исто.

прогон, а се од суштинско значење на патот кон евро-атланските интеграции.

Со Законот за Советот на јавни обвинители на Република Македонија се реализира усогласување на законодавството од оваа област со амандманите на Уставот на Република Македонија од 2005 година, а во прилог на хармонизација на македонското законодавство со европското законодавство, согласно Препораката (2000) 19 на Комитетот на министрите на Советот на Европа, пред сè заради обезбедување претпоставки за стручно, совесно и независно вршење на јавнообвинителската функција и нејзино ослободување од политичко влијание во процесот на избор и разрешување на јавните обвинители.

Советот на јавни обвинители на Република Македонија (во понатамошниот текст „Советот") е самостоен орган кој треба да ја обезбеди и гарантира самостојноста на јавните обвинители во извршувањето на нивната функција од какво било влијание спротивно на закон. Советот ќе биде составен од 11 члена, со мандат од четири години, од кои: два по функција (Јавниот обвинител на Република Македонија и Министерот за правда), шест члена[12] ќе бидат избрани на тајни избори на кои истовремено ќе гласаат сите јавни обвинители во Република Македонија и три члена на Советот ќе избере Собранието на Република Македонија од кои двајца треба да бидат припадници на заедниците кои не се мнозинство.

Во Министерството за правда е формирана Комисија за избор на членови на Советот, која во текот на февруари 2008 година треба да ја спроведе изборната постапка на шесте члена кои се бираат по пат на тајни избори. Советот треба да биде конституиран на конститутивна седница која се одржува во рок од 30 дена по изборот на мнозинството на членовите на Советот, вклучувајќи ги и членовите по функција, со која раководи најстариот член на Советот. Во истиот временски рок и Собранието на Република Македонија на итна седница треба да ги избере останатите три члена од редот на универзитетските професори по право, адвокати и други истакнати правници.

[12] По еден член избираат Јавното обвинителство на РМ и четирите виши обвинителства во Битола, Гостивар Скопје и Штип, а за еден член кој и припаѓа на заедница која не е мнозинска гласат сите јавни обвинители во РМ.

Со Законот за јавното обвинителство, исто така се врши хармонизирање на македонското со европското законодавство согласно амандманите на Уставот и Препораката (2000) 19 од Советот на Европа која се однесува на: функциите на јавното обвинителство; односот меѓу јавното обвинителство, извршната и законодавната власт; односот меѓу јавното обвинителство и судовите; односот меѓу јавното обвинителство и полицијата; должностите и одговорностите на јавните обвинители во однос на странките во постапката; организационите аспекти и меѓународната соработка.

Јавниот обвинител на Република Македонија според новиот закон и понатаму ќе биде именуван од страна на Собранието на Република Македонија по предлог на Владата со претходно обезбедено мислење од страна на Советот за сите пријавени кандидати на огласот кои ги исполнуваат законските услови за кандидати.

Според новиот закон јавните обвинители ги избира Советот, без дискриминација во однос на полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичко и верско уверување, имотна и општествена положба, без ограничување на траење на мандатот. Советот е надлежен и за разрешување на јавните обвинители во случај на потешка дисциплинска повреда во вршењето на својата функција.

Од аспект на организационата структура на Јавното обвинителство покрај порано постоечките 22 Основни јавни обвинителства и трите виши обвинителства, новина во организационата структура се: новото Вишо јавно обвинителство за подрачјето на новоформираниот Апелационен суд во Гостивар и новоформираното Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција со надлежност за целата територија на Република Македонија со седиште во Скопје.

Со законот се надминати претходните недоразбирања помеѓу Министерот за правда и јавниот обвинител на Република Македонија бидејќи со новоформираното Јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција не се нарушува единственоста на функционирањето на Јавното обвинителство како орган, при што новоформираното основно обвинителство според принципите на хиерархија и субординација е подредено и е одговорно пред Јавното обвинителство на РМ како и пред Советот. Јавниот обвинител на Република Македонија, како и на останатите обвинители, на обвинителството за организиран

криминалитет и корупција може да му дава писмени задолжителни упаства. Со законот прецизно е одредена надлежноста на Основното јавно обвинителство за организиран криминалитет и корупција.

Новина во законот е и можноста според која јавно обвинителство од повисока инстанца може да го преземе кривичното гонење од подредено јавно обвинителство доколку подредениот обвинител непрофесионално, несовесно и нестручно постапува во водењето на кривичното гонење.

Значајна новина во законот претставува обврската на Министерството за внатрешни работи (МВР) и другите државни органи на располагање на Јавното обвинителство за определен период да му стават едно или повеќе службени лица во преткривичната и кривичната постапка што се води по негово барање.

Според законот јавниот обвинител ја раководи и координира работата на овластените службени лица во МВР и другите надлежни органи.

Новина во законот е начинот на изборот на идните обвинители кои во иднина ќе ги избира Советот по конституирањето во текот на февруари – март 2008 година.

Со законот се зајакнува позицијата на јавното обвинителство во водењето на истрагата. Во законот е даден само основот за ваквото зајакнување на позицијата на јавниот овбинител во истрагата додека оваа материја целосно ќе биде регулирана со Законот за кривична постапка кој заедно со Кривичниот законик се предмет на интензивна реформа од страна на стручните служби на Министерството за правда. Усвојувањето на сите измени на овие закони е утврдено за првиот квартал на 2008 година.

Согласно Законот за извршување[13] спроведени се пет испити за извршители, а во референтниот период, функцијата извршител ја извршуваат 49 извршители кои покриваат 16 подрачја. Комората на извршителите во референтниот период и пристапи на Меѓународната Асоцијација на Комори на извршители.

[13] "Службен весник на РМ" бр. 35/05; 50/06 и 129/06.

### 9.1.1.1. Активности на Министерството за правда во борбата против корупцијата

Политиката на Владата (вклучувајќи го и Министерството за правда) за нулта толеранција на коруптивните дејствија продолжува да се остварува со започнатиот интензитет. Во текот на референтниот период продолжи реализирањето на кампањата „Македонија без корупција".

Во референтниот период Државната комисија за превенција на корупцијата ја спроведе медиската кампања – Меѓународни денови на корупцијата.

Владиниот акциски план за борба против корупцијата 2007 – 2011 ги идентификува конкретните проблеми и релевантни мерки и активности кои треба да бидат преземени од министерствата, административните органи и останатите државни органи со цел обезбедување сеопфатен пристап во борбата против корупцијата.

Планираните 14 подзаконски акти за имплементација на Закон за Јавни набавки кој стапи во сила на 01.01.2008 година се во фаза на изработка. Со новиот закон се очекува поголема транспарентност во јавните набавки што индиректно ќе влијае на намалување на коруптивните активности во набавките во јавниот сектор.

Во парламентарна процедура се Законот за спречување перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање тероризам и Законот за лобирање кои ќе бидат донесени во првиот квартал на 2008 година, а Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривичната и прекршочната постапка и новиот Закон за државна ревизија се планирани за донесување до 30 јуни 2008 година.

Во прилог на борбата против корупцијата во референтниот период во содејство со Министерството за внатрешни работи и Јавното обвинителство во ноември 2007 беше покрената акцијата „Змиско око". Во референтниот период не беше започнато судењето на осомничените опфатени со акцијата пред се поради обемноста на истражната постапка, односно големот број на лица опфатени со кривични пријави. Ваквата состојба беше причина роднините на пријавените и притворени

лица за оваа акција да најват протести и блокади на патиштата со цел да извршат притисок за започнување на кривичната постапка.

### 9.1.2. Реформи во полицијата

Основа за реформите во полицијата претставува Законот за полиција[14], кој започна да се применува на 11 ноември 2007 година. За неговата имплементација се изврши целосно редефинирање на постоечките и изработка на нови подзаконски акти кои произлегуваат од неговите одредби. За неговата навремена имплементација Секторот за правни и кадровски работи (СПКР) при Министерството за внатрешни работи (МВР) изготви Акционен план за реализација на активностите во врска со изготвување на правната регулатива за периодот 2006 и 2007 година. Во Акциониот план (АП) предвидени се активности за прилагодување на законската регулатива за работењето на МВР во три сегменти и тоа:

а.) изработка на подазаконските прописи што призлегуваат од Законот за полиција;
б.) изработка на подзаконски акти кои произлегуваат од процесот на усогласување на законодавството со европските стандарди и прописи и
в.) изработка на подзаконски акти кои произлегуваат од заокружувањето на процесот на реформи во полицијата.

По однос на првиот сегмент (т.а.) за целосна имплементација на Законот за полиција од неговите одредби произлегува потребата од донесување на 64 подзаконски акти од кои од моментот на носење на законот до 28.01.2008 година се донесени 59[15], а од преостанатите 5 подзаконски акти нема да се донесат бидејќи основот за нивно донесување – Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата[16] престана да важи со влегувањето во сила на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата[17]. Сите подзаконски акти кои се потребни за имплементација

[14] "Службен весник на РМ" бр. 114/06
[15] Заради малиот простор не се впуштаме во набројување на големиот број на донесените закони и подзаконски акти.
[16] "Службен весник на РМ" бр. 14/98 и 38/2002
[17] "Службен весник на РМ" бр. 54/2007

на Законот за полиција, а кои произлегуваат директно од него се донесени во предвидениот временски период.

По однос на (т. б.) од предвидените 55 закони и подзаконски акти кои треба да се хармонизираат со законодавството на ЕУ, во предвидениот рок, се донесени 48, за 3 подзаконски акти нема потреба да се донесуваат нови односно да се изменуваат или усогласуваат со постојните, а останатите 4 се во процедура на изготвување.

Најмала активност на СПКР покажана е кај носењето на законите и подзаконските акти од третиот сегмент планирани активности (т. в), на полето на заокружување на процесот на реформи на полицијата, каде што од 70 планирани се однесени само 11 закони и подзаконски акти, но вреди да се напомене дека и овде се запазени роковите за нивно донесување односно најголем дел од нив се планирани во текот на 2008 година. СПКР во референтниот период бил активен во носењето на уште 26 останати закони и подзаконски акти кои не се содржани со споменатиот Акционен план.

Законот предвидува измени во начинот на именување на командирите на полициските станици кои се назначуваат по предлог на МВР, од повеќето предложени кандидати нивниот избор го вршат органите на локалната самоуправа. Во таа смисла постапката за назначување на комадирите на полициските станици беше врзана со стапувањето на законот на сила односно истата започна по 11.11.2007 кога тој стапи на сила. Во текот на референтниот период МВР продолжи со назначување на командирите на полициските станици по избор на локалната самоуправа при што повеќе од 95 % од командирите се назначени и започнаа да ги извршуваат своите должности.

Од 01.01.2008 година започна да се имплементираат одредбите на Законот за странци кој ја наметна потребата од издавање лични документи за странци со биометриска заштита во склоп на проектот „Нови лични документи" за граѓаните на Република Македонија со биометриска заштита кој започна со имплементација во април 2007 година. На странците им се издаваат следните лични документи: лични карти за странци, патни исправи за странци, (пасош и патен лист) дозвола за постојан престој и дозвола за привремен престој.

Со законот е предвидено визите за влез во Република Македонија со оние земји со кои е воспоставен визен режим да се издаваат исклучиво во македонските дипломатско – конзуларни преставнишва во странство. Оваа новина особено се одрази врз граѓаните на нашите соседи Грција и Албанија. Имено до почетоткот на примената на законот граѓаните на Грција во нашата земја можеа да влегуваат со лични карти, а сега можат да влезат само со патна исправа без виза и граѓаните од Албанија кои својата виза можеа да ја добијат на граничните премини.

За граѓаните од Република Албанија кои патуваат во Република Македонија беше даден преоден период за добивање на визите на граничните премини во времетраење од еден месец. На ваквото законско решение жестоко реагираа граѓаните на Албанија кои често патуваат во Република Македонија и политичките партии чие мнозинско членство е од албанско етничко потекло. Во таа смисла во рамките на 14.12.2007 година започнаа билатерални преговори за регулирање на визниот режим во правец на укинување на визите во двете насоки.

На полето на меѓународната полициска соработка, пред се во соработката со Европол, во фаза на формирање е Одделение за соработка со Европол кое ќе биде лоцирано во Секторот за меѓународна полициска соработка. Назначен е офицер за контакт со Европол и интензивно се работи на изготвување на оперативен договор со Европол на база на потпишаниот Стратегиски договор (16.01.2007).

Во првиот квартал на 2008 година е предвидено утврдувањето на финалната верзија на Конвенцијата СЕЛЕК која предвидува формирање на СЕЛЕК Центар кој ќе биде наследник на СЕКИ Регионалниот центар за борба против прекуграничниот криминалитет.

Продолжено е со активностите за воспоставување на интегрираното гранично управување и приближување на македонската законска регулатива кон шенгенскиот систем за контрола на границите на ЕУ. Се преземаат мерки за докомплетирање на ТЕТРА системот за радио комуникација на граничната полиција. Во тек е реализација на електронското поврзување на граничните премини со централните служби во МВР. Во референтниот период се изработени 200 000 налепници за македонска виза за странци со мерки за заштита од фалсификување според европските стандарди.

### 9.1.2.1. Борба против организираниот, насилничкиот криминалитет и корупцијата

Борбата против организираниот криминалитет и корупцијата останува приоритет на МВР. Во прилог на борбата против корупцијата во референтниот период преземени се мерки и дејствија за проширување на акцијата „Змиско око" која опфати истрага против поголем број[18] на лица вработени во ЈП „Македонија пат" кои извршиле злоупотреба на службената должност со што ја оштетиле државата за околу 5 милиони евра.

Во референтниот период во борбата против организираниот насилнички криминалитет во Прилеп е спроведена акција при што против шест[19] сегашни и претходно вработени овластени службени лица на полицијата е поднесена кривична пријава за поголем број на кривични дела: изнуди, уцени и закани, а на товар им се ставаат и бомбашките напади во Прилеп со фрлените кашикари пред домовите на бизнисмени, во куќата на градоначалникот и екс-началникот на крим полицијата, како и пред угостителски објекти, за подметнување пожари во возила и за други дејства заради остварување профит на нелегален начин.

За одбележување е криминалниот напад врз возилото на специјалните полициски единици од страна на повеќе вооружени сторители кои од возило во движење стрелаа со автоматско оружје при што од живот беше лишен еден припадник на полициските сили. По краток временски период, во селото Арачиново, во обид за лишување од слобода на еден од осомничените напаѓачи на полициското возило дојде до престрелка помеѓу полициските сили и осомничениот при што истиот беше лишен од живот. Оваа полициска акција на неколку дена ја разниша безбедносната состојба во селото со остра реакција од страна на органите за локална самоуправа. Сепак недоразбирањата беа надминати и безбедносната состојба во селото е повторно воспоставена. За одбележување е дека составот на полициските сили при обидот за лишување од слобо-

[18] Во акција на МВР беа приведени над 80 инкасанти од сите патарини во државава меѓу кои повеќе контролори и еден заменик-раководител.

[19] Тројца се приведени и одреден им е притвор, еден е на издржување казна затвор, а двајца се во бегство.

да на осомничениот кој беше лишен од живот беше од мешовит етнички карактер.

Во референтниот период во регионот на Скопска Црна Гора е запленето поголемо количество на тешко и лесно оружје од различно потекло кое според експертизата потекнува од кризниот период во 2001 година.

## 9.3. Општа експертска оценка за периодот на известувањето

Заложбата на Владата, односно нејзините ресорни министерства и институции задолжени за спроведување активности на полето на правдата и безбедноста односно внатрешните работи, за време на референтниот период е константна. Со докомплетирањето на Судскиот совет е заокружен циклусот на прилагодување на голем дел од македонското со европското законодавство. Создадени се услови за деполитизација на судството и негова независност од извршната власт. Управниот суд во Скопје и Апелациониот суд во Гоствивар се ставени во функција со што се реализирани уште два од дванаесете услови за влез на Република Македонија во НАТО. Со нив се заокружуваат бараните реформи за влез во оваа безбедносна алијанса што на нашата татковина ќе и даде повисок степен на стабилност и можност за економски развој.

Заокружена е законската регулатива за избор на Совет на јавни обвинители и Законот на јавното обвинителство со неколку месечно задоцнување од предвидените рокови. Следи реализација на оформување на советот со што ќе се створат услови за деполитизација на изборот на јавните обвинители. Во прилог на погоре споменатите реформи од областа на правосудството оди и успешната реализација на досега спроведената обука на Академијата за судии и јавни обвинители како дополонителен услов за деполитизација на овој важен сегмент од правосудството.

Во рамките на имплементација на Законот за полиција сите предвидени подзаконски акти се донесени, избрани и именувани се мнозинството командири на полициските станици во содејство на МВР и локалната самоуправа, останува да се изберат и назначат уште многу мал број од командирите.

# 10. Здравство

## 10.1. Имплементираните активности во периодот на известувањето

### 10.1.1. Квалитет на услугите

На 22-та седница на Фонд за задравстевено осигурување во декември донесени се мерки преку кои се изврши квалитативна промена на целите за превентивните активности во ПЗЗ; целите вклучуваат рано откривање и лекување на најчестите заболувања (кардиоваскуларни заболувања, дијабет, малигни заболувања, мозочни удари итн). Воведен е европски модел на превентива според кој секој лекар ќе мора да изврши одреден број превентивни прегледи годишно, податоците ќе ги евидентира и систематизира, а вкупно треба да бидат опфатени минимум 15% од популацијата на годишно ниво. За таа цел е извршена и ревизија на капитациониот модел на плаќање на лекарите според кој ФЗО ќе исплаќа 60-70% главарина, додека останатите 30-40% ќе бидат исплаќани само по остварување на превентивните активности.

Во 2008 година главна цел за лекарите во ПЗЗ ќе биде превенцијата на кардиоваскуларните заболувања, за чие исполнување треба да се вклучат најмалку 250.000 осигуреници годишно. За таа цел, фондот ќе им ги рефундира инвестираните средства за набавка на ЕКГ апарати во висина од 1000 евра, како и организација на најмалку 30 едукативни сесии. Се менува и квалитетот на гинеколошката здравствена заштита со зголемување на ПАП тестовите за 50% и рефундирање на вложени средства за колпоскопски апарати до 1000 евра. Со ова ќе се постигне рутинските дијагностички испитувања да бидат вршени исклучиво кај примарните гинеколози, додека на Клиниката за гинекологија и акушерство ќе се креира национална база на податоци за ПАП тестови.

Проектот за единствена цена на лековите во целата земја започна да се реализира во јануари, 2008 година. На аптеките им се даде рок од 30 дена да ги потрошат залихите на лекови кои ги имаа набавено по важечките пазарни цени, а целосната примена е предвидена за почетокот на февруари, 2008 година. Со воведување на единствени цени на лековите ќе се овозможи набавка на лекови во сите аптеки во земјата; за таа цел на амбалажата на лековите ќе се воведе единствена бандерола.

Новина е и дека Фондот за Задраствено Осигурување одреди да нема да има ограничување на бројот на рецепти што ги издаваат лекарите во Примарна Здраствена Заштена, со воведување цел за издавање на рецепти со определување на квота во вредност од 500 денари по капитационен поен.

### 10.1.2. Модернизација, менаџмент и превенција

Во февруари ќе биде објавен конкурсот за IV-та рунда на обуки за новите менаџери на здравствените организации. Во меѓувреме се одвива изборот на раководни органи во здравствените институции, а истите се регрутираат од 284-те кандидати кои ги поминаа обуките за здравствен менаџмент и успешно го положија завршниот испит во Агенцијата за државни службеници.

Јавно-здравствените институции ќе бидат дополнително модернизирани и ќе придонесат за зголемување на квалитетот на услугите со набавката на новата медицинска опрема. По спроведена постапка за избор на фирма и добиено одобрување од Светската Банка, избрана е фирмата ИНА ЕНЕРГО СИСТЕМ за инсталирање на ГПС - систем во службата за итна медицинска помош и домашно лекување.

### 10.1.3. Здравствено осигурување

Фондот за Здравстено Осигурување успешно го комплетираше проектот за имплементација на интегриран информатички систем со што се воспостави унифицирано информатичко решение помеѓу централата и 30-те подрачни единици. Системот овозможува одржување на квалитетна структура на податоци, како и висок степен на заштита на податоците на осигурениците. Системот треба да го олесни донесувањето на одлуки на менаџерскиот тим врз основа на точни и навремени информации, побрза и поквалитетна услуга за корисниците како и пократко време за рефундирање на нивните средства. Најважно е што овој систем треба да претставува основа за електронско поврзување на сите чинители во здравствениот сектор чија крајна цел е воспоставување на интегриран здравствен систем во Република Македонија и основа за воведување на електронска здравствена картичка и систем на плаќање по дијагностичко сродни групи.

Во тек е конкурс за избор на странски консултанти кои треба да извршат обука на финансиските контролори во Фондот за Здравстено Осигурување; се очекува одлуката да биде донесена во почетокот на февруари. Целта на обуката е да се воспостави соодветен капацитет на човечки ресурси, кои ќе вршат ефективна контрола на трансакциите помеѓу Фондот за здравствено осигурување и здравствените установи. Обуката треба да опфати: стратешко и бизнис планирање во здравствените установи; буџетирање и контрола; разбирање и анализа на финансиските извештаи; закон за јавни набавки и процедури; трошоци и сметководствен менаџмент и проток на готовина и менаџмент на ликвиден ризик.

### 10.1.4. Примарно здравство

Во рамки на *Програмскиот заем за развој на политики* со Светска банка, Министерството за здравство и Министерството за финансии потпишаа договор со прво-рангираниот консултант Хернан Фуендализа-Пуелма, кој ја реализира првата посета во земјата во текот на декември. За време на посетата се оддржани низа состаноци со клучни лица од Министерството за здравство, како и теренска посета во Градска општа хируршка болница со цел да се дискутираат постојните проблеми и потреби за евентуални законодавни промени кои ќе помогнат во воспоставувањето на автономијата на јавните здравствени установи. Во консултација со претставниците од Светска банка се предложи овој Закон да биде наменет за болниците бидејќи по приватизацијата на Примарна Здравствена Заштита, многу правни работи се веќе дефинирани. На крајот од мисијата консултантот го достави извештајот кој е проследен до сите вклучени лица за разгледување и коментари.

Истражувањето за задоволството на пациентите од услугите во Примарна Здравствена Заштита кое Министерство за Здравство во соработка со РЗЗЗ го спроведе во првата недела од декември покажа дека општата оценка на корисниците на услуги е позитивна, дека корисниците ги чувствуваат промените кои настанаа по приватизацијата во Примарна Здравствена Заштита, иако постојат разлики помеѓу регионите кои треба да бидат предмет на некое подетално истражување.

Истражувањето кое се спроведе од страна на Проектната единица за координација, чија цел беше проценка на ставовите на граѓаните за реформите во здравството во Република Македонија, пак покажува де-

ка големи реформи во здравствениот сектор во следните 12 месеци бара висок процент од испитаниците, а нивните очекувања за подобрување на состојбите во здравството се големи. Истражувањето дава одговори, но истовремено отвара цела низа на прашања во поглед на однесувањето на медицинскиот персонал во наредниот период, особено преку содржината на реформата која најмногу и директно го засега.

Наодите од истражувањата се објавувани на веб страницата на Министерството за Здравство.

### 10.1.5. Стоматологија

Во договор со Стоматолошката комора на Македонија, постигнат е договор да примарната стоматолошка заштита остане на товар на Фондот за Здравствено Осигурување, а висината на капитациониот бод кај стоматолозите изнесува 35 денари, додека учеството на осигурените лица од 130-260 денари.

Основниот пакет на услуги во стоматологијата, (детално опишан во функција II.3) е сеуште предмет на дебата; резултатите на трошоците за основните услуги во стоматолошката заштита како и основниот пакет на услуги кои ќе им бидат достапни на граѓаните ќе биде објавен заедно со целокупниот ОПЗУ.

### 10.1.6. Нова генерација болници

Од 01 јануари, 2008 година започна да се применува новиот начин на плаќање на болниците, со воведување на дијагностички сродни групи (ДРГс).
Новата опрема во вредност од 40 милиони евра се очекува да доведе до модернизација на постоечките услуги во болниците, намалување на времето за дијагностика и третман на најголемиот број заболувања, како и обука на здравствените професионалци за најновите трендови во здравството.

### 10.1.7. Приватно здравство

Комплетно приватизираната примарна здравствена заштита за сите осигуреници на Фондот за Здравстено Осигурување е бесплатна, а од лекарите се бара да ги почитуваат законските права и да не ги напла-

ќаат своите услуги. Висината на капитациониот поен останува непроменета. Фондот за Здравстено Осигурување усвои низа предлог мерки кои беа прифатени и од Лекарската комора, Здружението на приватни гинеколози и Стоматолошката комора на Македонија кои предвидуваат казни од “раскинување на договорот со ФЗО” до двостепена парична казна во износ од 75.000 и 150.000 денари. Со ова се овозможува континуирана и квалитетна заштита на сите осигуреници, а воедно да се избгнат последиците од прекршоците на лекарите.

## 10.2. Што останува да се имплементира (што не е имплементирано или не е доработено)

На почетокот на 2008 година останува да се реализираат сите погоре наведени започнати активности, како и да се сумираат и анализираат резултатите од големите реформски зафати започнати во 2008 година. Сите овие активности се само припрема за воведување на клучните реформски зафати во здравството, а резултатите ќе бидат видливи на подолг рок.

## 10.3. Оценување на можни ризици од (не) имплементацијата на одредени постапки или од недоволно квалитетната имплементација

Останува констатацијата дека формирањето на Единица за анализа на политики во Министерството за Здравство треба да се изврши во најкраток можен рок, со цел да се обезбеди аналитичка функција која во голема мера ќе го олесни донесувањето на одлуки и планирање на интервенции во здравствениот сектор. Ова тело треба да го замени досегашното фактографско презентирање на активностите на Министерството за Здравство со современ аналитички пристап, процес кој ќе го фацилитира донесувањето на одлуки засновани на докази. Со посебно внимание треба да се пристапи кон позиционирањето на оваа единица во структурата на Министерството за Здравство, за да се избегне влијанието од т.н. “кабинетски” капацитет на постоечките сектори во Министерството за Здравство кои во моментот ја имаат советодавната улога.

Најитно мора да се завршат и процесите на избор на раководни органи во јавно-здравствените институции, особено во Клинички центар кои веќе се соочуваат со еден сосема нов начин на справување со доде-

лените финансии, процес кој бара познавање на проблематиката и извонредни аналитички и управувачки способности.

Останува констатацијата дека Владата мора итно да го донесе и усвои основниот пакет на здравствени услуги, а во контекст на извештаите и препораките дадени и од низа странски консултанти; како ризични се идентификувани одложувањето на ПЗУ за 2008 година, неможност да се постигне усогласување на негативната листа на услуги, потценување на вистинските трошоци за услугите во ПЗУ, неможност да се поврзе алокацијата на ресурси со постоечките ресурси за ПЗУ, неисполнување на рокот за донесување на непходната законска регулатива како и неможност да се најде решение за постоечките долгови.

## 10.4. Општа експертска оценка за периодот на известувањето

Периодот за кој се известува е премногу краток за оценка на спроведување на крупните зафати во здравствениот систем. Заклучоците и препораките за понатамошно дејствување се само насоки во кои треба да се движат започнатите процеси; детална анализа и проценка може да се направи единствено со анализа на целокупните процеси започнати, во фаза на имплементација или завршени во тек на целата 2007 година. Со оглед на тоа дека најголем дел од активностите се само "припрема" за еден маратонски процес чии резултати ќе бидат видливи дури по неколку години, останува заклучокот дека не треба да се брза со имплементацијата, неопходно е претходно добро да се планираат постапките за имплементација, а клучна е изработката на индикатори/параметри за следење на процесот како би можеле да се даваат соодветни препораки за измена или дополнувања.

# 11. Транспорт и врски

## 11.1. Имплементираните активности во периодот на известувањето

### *11.1.1. Градежништво*

***Патишта***

Од страна на Министерството за транспорт и врски, подготвен е текст на новиот предлог Закон за јавни патишта, кој помина на владина процедура и понатаму ќе оди во собраниска процедура на усвојување.

Продолжено е со изработка на студијата за трансформација на патниот сектор во Република Македонија. Од страна на консултантската куќа изработена е Втора нацрт верзија.

По завршувањето на првата фаза од проектот за „Санација на мостовите на автопатот М-1 (Е-75)" делница: Катланово – Велес, донација на НАТО алијансата, инвеститорот НАМСА (НАТО Агенција за договори и набавки), во изминатиов период веднаш пристапи во спроведување на тендер за реализација на втората фаза од проектот за „Санација и зајакнување на мостовите на автопатот М-1 (Е-75)" делница: Демир Капија – Гевгелија. Во периодот по изборот на изведувач, веднаш е пристапено со подготвителни работи кои се во тек, а официјалниот почеток на градежните работи се планира на 1 март 2008 год. и да трае до 31 декември 2008 год. Проценетата вредност на работите се очекува да се движи од 12 до 13 милиони евра.

Согласно новата методологија за пресметување на патната такса за користење на автопат, извршено е намалување на цените на патарина за автобуси и камиони, што претставува намалување на трошоците за превоз на стопанството, додека пак цената на патната такса за автомобилите само е заокружена за 5 денари на повисоката вредност.

Усвоена е Годишната програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта во Република Македонија, во вредност од 6,25 милијарди денари (околу 102,5 милиони евра). Најголемиот дел од овие средства, наменети се за изградба на

капитални проекти од патната инфраструктура, додека дел се наменети и за рехабилитација и сигнализација долж патиштата, експропројација, студии и проектирање, а еден мал дел и за одржување на магистралните и регионалните патишта.

***Железница***

Проектот за реформа на ЈП „Македонски железници” (ЈП „МЖ”), според планираното треба целосно да заврши најдоцна до крајот на 2009 година, а се реализира со кредит од Светска Банка. Проектот за трансформација базиран е на четири студии и тоа:

- Студија за давање јавни услуги (за која е даден Завршен извештај);
- Студија за пристап кон железничката инфраструктура (изработен е нацрт Финален извештај, кој е даден на Комитетот за технички експерти – тело кое е формирано од повеќе министерства, на одобрување);
- Студија за рационализација (студијата е во иста фаза и чека одобрение на извештајот од Комитетот за технички експерти) и
- Студија за приватизација.

Првата, втората и третата студија се однесуваат на двете компании, ЈП „МЖ - Инфраструктура” и „МЖ - Транспорт” АД, а четвртата студија се однесува само на „МЖ - Транспорт” АД.

Отворени се понудите доставени за двата објавени меѓународни тендери за набавка на основни средства (две дизел електрични локомотиви и 80 – 160 плато вагони), за работа на „МЖ - Транспорт” АД и се врши евалуација на понудите.

Владата на Република Македонија презема дури 78 проценти од долговите на ЈП „МЖ Инфраструктура” и АД „МЖ Транспорт” кои се наследени од заедничкото претпријатие ЈП „Македонски Железници”. Станува збор за 128,5 милиони евра, кои што ќе бидат конвертирани како влог на државата во овие две претпријатија. Се планира во текот на 2008 година и преостанатиот долг да биде преземен, со што ќе се овозможи нормално и профитабилно работење на двете компании.

## *Просторно и урбанистичко планирање*

Владата на Република Македонија и Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор (ЈПССДП), пристапија кон реализација на својот план за доизградба на Градскиот стадион во Скопје. Беше распишан меѓународен тендер, на кој во првата фаза се јавија 11 градежни компании од земјава и странство, а во втората фаза се пласираа 7. Потпишан е договор со градежната компанија „Бетон”, која понуди најповолна цена од околу 15 милиони евра, за изградба на северната трибина. Проектот треба да заврши во рок од 18 месеци, а потоа се планира доизградба на целиот стадион со изградба на западната и источната трибина, со што ќе се добие еден од најмодерните стадиони на Балканот, со капацитет за околу 40 илјади гледачи.

Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор (ЈПССДП), исто така презеде активности за изградба на социјални станови во повеќе градови низ Македонија, како и за доизградба на спортската сала „Борис Трајковски”, како еден од капиталните мултифункционални објекти во градот Скопје.

Од страна на Министерството за транспорт и врски, извршени се неколку јавни наддавања за оттуѓување градежно земјиште сопственост на Република Македонија на повеќе локации во државава (за изградба на хотел на атрактивна локација во Охрид; потпишан е договор со странска компанија за изградба на ултрамодерен трговски центар во Општин Центар – Скопје, најдоцна до средината на 2010 год.; потпишан е договор за изградба на хотел од синџирот на „Резидор” во Скопје; потпишан е договор за изградба на здравствена установа во Општина Ѓорче Петров – Скопје, најдоцна до средината на 2010 год.)

Извршена е јавна презентација на новата услуга на Државниот завод за геодетски работи (ДЗГР), со која ќе им се овозможи на корисниците (пред се на банките, адвокатите, нотарите, извршителите, агенциите за недвижности), брз и едноставен пристап до базата на податоци на ДЗГР. Услугата дава информации за носителите на права, катастарските парцели, зградите, содржината на товарите, прибележувањето и ограничувањата, а може да ја добијат сите кои ќе добијат софтверско решение (со плаќање минимална сума), кое ќе им овозможи влез во електронската база на имотните листови. Воведувањето на оваа услуга

во ДЗГР, претставува дел од реформата на катастарот и стилот на неговото работење.

Подготвени се и предадени во собраниска процедура Закон за изменување и дополнување на законот за градење, Законот за градежно земјиште и Закон за изменување и дополнување на законот за просторно и урбанистичко планирање.

### 11.1.2.Транспорт

Консултантската куќа NACO BV Airport Consultants (Холандија), во согласност со проектната задача ги достави бараните извештаи во првата фаза за изработка на Студија со концесиски модел за развој на Аеродромот „Александар Велики” (Скопје) и Аеродромот „Свети Апостол Павле” (Охрид). За преминување во втората фаза потребно е да се изберат предложените опции од првата фаза и започне со изработка на модел концесискиот договор (за Аеродромот „Александар Велики” – Скопје: Проширување на постојната терминална зграда до 2012 год. до кога ќе биде изграден нов терминал, продолжување на полетно слетната писта, изградба на пристапни патишта, концесиски договор на 30 години, а за Аеродромот „Свети Апостол Павле” – Охрид: концесионирање во пакет со скопскиот аеродром како алтернативен и за поттикнување на регионалниот развој и развој на туризмот, вложувања во опрема и градба и др.).

На скопскиот аеродром „Александар Велики”, во 2007 година споредено со 2006 година, евидентиран е пораст кај комерцијалните летови и превоз на патници за 15,5 проценти (превезени се околу 627 илјади патници), што е пораст над европскиот просек, а порастот на карго превозот за истиот споредбен период изнесува 11 проценти, додека кај охридскиот аеродром „Свети Апостол Павле” има намалување кај превозот на патници од 10,4 проценти, а на карго превозот има зголемување од 9,2 проценти.

Воспоставена е нова редовна авионска линија на релацијата Скопје – Софија, што ќе придонесе за подобрување на економската и културната соработка меѓу двете земји, но и поевтини летови за македонските граѓани кон Софија и останатите европски метрополи.

Во согласност со новиот Закон за превоз во патниот сообраќај, кој е усогласен со европската регулатива, Министерството за транспорт и врски, предвиде да транспортните компании поседуваат дозволи за вршење патен транспорт. Еден од условите за стекнување со ваква лиценца е управителите да имаат сертификат за професионална компетентност, а возачите за учество во меѓународниот патен сообраќај. Токму затоа, министерството за транспорт и врски формираше комисија за испит и организираше полагање за возачите, додека за управителите сеуште не е почнато.

### 11.1.3. Телекомуникации

Владата на Република Македонија и Агенцијата за електронски комуникации (АЕК) ја реализираат тендерската постапка за доделување радиофреквенции за мобилни оператори од третата генерација (3-Г, која врши пренос на слика, говор, интернет и видео материјали преку мобилни телефони), на мобилната телефонија. АЕК ги отвори понудите и ќе изврши евалуација на двете добиени понуди и врз база на тендерските услови ќе одлучи кому ќе ја додели 3-Г радиофреквенцијата за период од 10 години. Избраниот 3-Г оператор должен е да започне со работа во рок од 6 месеци, при што треба во првата година да покрие 50 проценти, а во втората година и целата територија на Република Македонија. Како би се спречил монополот, победникот на тендерот за 3-Г операторот, има обврска во рок од 6 месеци по отпочнувањето со работа, да им ја понуди оваа услуга и на другите мобилни оператори кои се присутни на пазарот.

АЕК ќе распише јавен повик за прибирање понуди на заинтересирани компании за нудење на услуги од областа на дигиталната телевизија.

Наскоро истекува и рокот за почеток со работа на националните вајмакс (Wi-Max) оператори, американската компанија „Нексском" и грчката „Космотелко". Двете компании најавија значителни инвестиции но доколку до истекување на рокот не започнат со работа, ќе им бидат одземени концесиите.

## 11.2. Што останува да се имплементира (што не е имплементирано или не е доработено)

Како неимплементирани, или недовршени активности, во изминатиов двомесечен период на мониторирање на овој ресор, може да се наведат следниве:

- Некои закони кои се важни во прилагодувањето на нашата регулатива со европската, сеуште не се донесени и се наоѓаат во собраниска процедура (Закон за изменување и дополнување на законот за градење, Законот за градежно земјиште и Закон за изменување и дополнување на законот за просторно и урбанистичко планирање, Закон за јавни патишта);
- Изработка на Студија за реструктуирање на патниот сектор во Република Македонија и трансформација на системот на менаџирање и управување со патиштата;
- Двете компании кои добија национални вајмакс лиценци на тендерот, сеуште не започнале да работат;
- Отпочнување со проектот за осовременување и подобрување на наплатата на патарина и наплатната служба (овој проект е во соработка со Светска Банка, што треба да придонесе за осовременување на системот и подобрување на ефикасноста во работењето, според програмата на Министерството за Транспорт и Врски требаше да биде реализиран во 2007 година), што меѓудругото ќе придонесе и за намалување на корупцијата;
- Четврт мобилен оператор (иако беше најавено распишување на јавен повик за избор на четврт мобилен оператор, досега нема реализација на таа најава).

## 11.3. Оценување на можни ризици од (не) имплементацијата на одредени постапки или од недоволно квалитетната имплементација

Влијателни фактори на можните ризици, поединечно или во синергистичко делување на повеќе од нив, во процесот на имплементација на владините реформи во набљудуваниот ресор на транспорт и врски во следниот период, можат да бидат некои од следниве:

- пројавените политички спротивставености помеѓу власта и опозицијата;
- евентуалните предвремени парламентарни избори, може да предизвикаат извесен застој, или времено оддолжување во реформите кои се предвидени;
- доцнењето на некои реформи и пролонгирање на рокот за имплементацијата на планираните активности (како на пример донесување на потребната законска регулатива);
- постојаност во настојувањата за реформи и реализација на некои проекти;
- амбициозните планови за имплементацијата, како и кусиот временски рок за реализација на планираните активности, може да доведат до делумна или неквалитетна имплементација;
- доследност на реформите, во институциите каде се предвидени реформи и намалување на бројот на вработените.

## 11.4. Општа експертска оценка за периодот на известувањето

Со завршувањето на тендерот и изборот на изведувач за втората фаза од проектот за „За санација и зајакнување на мостовите на автопатот М-1" делница: Демир Капија – Гевгелија, уште еднаш се потврди конзистентниот став на НАТО алијансата, како и поддршката и пријателството меѓу НАТО и Република Македонија.

Предложениот текст на Законот за јавни патишта, во суштина претставува значаен исчекор напред во поглед на постојниот закон, но сепак има уште конструктивни предлози кои ќе придонесат за подигање на перформансите на законот на едно повисоко ниво, од што бенефит ќе имаат сите инволвирани.

Подготвен е вториот извештај од студијата за трансформација на патниот сектор во Република Македонија. Промените во патниот сектор се очекува да резултираат со конкуренција и зголемување на ефикасноста во работењето, па затоа некои козметички промени, треба да се избегнуваат и да се заменат со суштински промени, што ќе дадат вистински резултати за државата, институциите во секторот и вработените.

Врз база на ново утврдената методологија за пресметување на цената на таксата за користење на автопат – патарина, беа намалени цените на

патарините, но само за некои категории на возила (камиони, автобуси), а некои беа симнати во пониски категории на плаќање. Ефектот од сето тоа ќе беше значително попозитивен, доколку цените за патарина за лесни возила - автомобили се заокружеа на помалата вредност а не на поголемата.

Евидентно е зголемувањето на наплатените средства од патарината по спроведувањето на акцијата „Змиско око". Затоа треба промптно да се реагира и реализира предвидената реформа на патарината во најкус можен рок, особено што наведените изгубени средства од наплатата се скоро еднакви на потребните за планираниот проект.

Усвоената Годишна програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта во Република Македонија, во висина од 6,25 милијарди денари (околу 102,5 милиони евра), претставува зголемување од скоро 40 проценти во однос на ланскиот буџет за иста намена. Може да радува фактот што државата се јавува како инвеститор во објекти од патната инфраструктура, бидејќи јасно е дека големите јавни инвестиции можат да придонесат за одвлекување на вниманието на економскиот развој на државата.

Меѓутоа останува нејасна интенцијата на надлежните, кои предвиделе скромни 970 милиони денари (околу 16 милиони евра), за одржување на магистралните и регионалните патишта во Република Македонија, кои средства претставуваат само 50 проценти од реалните потреби за одржување на патиштата. Ако се има во предвид дека и во Националната стратегија за патен транспорт е констатирано дека патиштата ни се во се полоша состојба, тогаш нејасно е зошто е задржан истиот буџет за одржување како во 2007 година (970 милиони денари), со напомена дека тогашниот вкупен буџет за патишта изнесувал 4,55 милијарди денари, или скоро 40 проценти помалку од сегашниот. Меѓутоа се очекува дека со евентуалниот ребаланс на буџетот, ќе се корегира овој пропуст.

Реформите во железницата се во поодмината фаза и веќе имаат континуитет и првични резултати, од кои во следниот период се очекува да се надградат и дадат финални позитивни резултати.

Со започнување на новата пракса во продажбата на државно градежно земјиште од страна на Министерството за Транспорт и Врски, се мани-

фестира еден нов стил на транспарентно работење, со кој се елиминира праксата применувана во минатото да се продава во „четири очи” или со непосредна спогодба. Со ваков пристап на работење, МТВ ја потврди интенцијата на Владата на Република Македонија за нулта толеранција кон корупцијата, а како останати бенефиции може да се наведат: прилив од близу 3 милиони евра во буџетот на Република Македонија од отуѓувањето на градежното земјиште, влез на директни странски инвестиции кои го стимулираат економскиот раст на РМ и можноста за отворање на нови работни места.

Реализацијата на проектот „Отворени и достапни”, каде на тет-а-тет средби, лично Министерот ги прима да ги сослуша граѓаните за нивните проблеми, наиде на голем интерес кај граѓаните и остави позитивен впечаток во јавноста. Средбите почнаа од 10 и траеа до после 22 часот, а планирано овој начин на комуникација да се практикуваат еднаш месечно.

Воведените последни реформи во работата на Државниот завод за геодетски работи (ДЗГР), овозможуваат поголема ефикасност на ДЗГР на задоволство на корисниците на неговите услуги. Со еден збор, реформите станаа инхерентен дел од имиџот на ДЗГР.

Со започнувањето со работа на националните вајмакс оператори, се очекува да се постигне вистинска либерализација на пазарот во фиксната телефонија и брз интернет, каде сеуште доминантна позиција има една компанија, бидејќи поради интерконекциските услови преостанатите фирми кои нудат фиксна телефонија, плаќаат висока цена за интерконекција и нудат главно меѓународни разговори.

Со Предлогот за измени и дополнувања на законот за градење се предвидуваат повеќе новини кои ќе придонесат за средување на хаосот кој владееше во оваа сфера веќе подолго време, од кои како покарактеристично би го издвоиле скратувањето на издавање на одобрение за градба на 5 дена, а доколку не се издаде во овој рок, ќе важи принципот „правото молчење на администрацијата”, односно молчњето е одобрување и тоа ќе се смета за издадено. Предвидени се и високи парични казни за лицето кое нема да издаде одобрение за градба во предвидениот рок.

# ОПШТИ ПРЕПОРАКИ

Во претстојниот период Владата треба да се погрижи процесот на зајакнување на капацитетите на администрацијата да добие еден системски третман бидејќи немањето на капацитет ќе претставува во најдобар случај тесно грло, а во најлош случај и пречка за спроведување на зацртаните проекти. Релативно слабиот капацитет на администрацијата би се почувствувал најмногу преку оперативното реализирање на пример на програмската матрица на програмата за поттикнување на инвестициите. Во таа насока се охрабрува Владата редовно да го следи имплементирањето и исполнувањето на роковите во програмската матрица.

Без разлика дали ке добиеме покана за влез во НАТО при евентуалната единствена пречка што останува со можното вето од страна на Грција со спорот со името, и во преостанатиот дел од годината Владата на Република Македонија и надлежните институции треба да продолжат интензивно со драстични промени кон подобро во сите области кои се посочени во Програмата за работа на Владата 2006-2010.

Посебно ова треба да важи за оние кои не се директно поврзани со реформите за влез во НАТО. Ова е неопходно за Владата да може да го зацврстне својот кредибилитет и авторитет меѓу народот, а не само пред меѓународната заедница.

Евентуалните предвремени парламентарни избори како можно сценарио, може да предизвикаат извесен застој во некои од сферите, или времено оддолжување во реформите кои се предвидени во тие области.

Преземените мерки и активности на Владата на Република Македонија во 2007 и во првиот месец од 2008 година условија значително менување на економскиот амбиент во земјата во позитивна насока. Се разбира, таквите мерки и остварени резултати не смеат да претставуваат израз на самозадоволство, туку поттик за натамошно релаксирање и поттикнување на бизнис климата во земјата. Со несмалено темпо треба да продолжат останатите реформи во економијата и во областите што се блиски до неа како на пример во областа на **фискалната политика**. На тој пат, македонската економија во текот на 2008 година, генерално, ќе се соочи со неколку сериозни закани и ризици.

Што се однесува на **трговската, индустриската и инвестициската политика** и понатаму треба да се гради партнерскиот однос кон бизнис заедницата и граѓаните. Треба да се зајакне мониторингот и евалуацијата на буџетското извршување со индикатори по резултати (*outcome performance and performance budgeting*).

Во однос на развојот на **финансискиот систем** на Македонија сеуште е потребен развој во многу сегменти. Македонија сеуште се бори со развој во пазарот преку шалтер, пазарот за репо операции недоволна долгорочна меѓународна конкурентност на корпоративниот сектор и недоволно добро подготвена или нефлексибилна работна сила, која може да се најде во Агенцијата за вработување како невработени лица и неискористен фактор.

Движењето на економијата во земјава во голем процент се темели на шпекулативни претпоставки за покана за влез во НАТО и за преговори со Европската Унија. Во државата имаме состојба на енормно покачување на цените, пад на животниот стандард за што држава треба да формира владини тела следени од примерот на соседните змји во најмала рака за оправданоста за покачувањата на цените или пак да најде мерки за субвенционирање со што трговците ќе ги намалат цените како примерот со Хрватска.

Во областа **економија на знаење** преземените проекти ќе помогнат во промена на структурата на производството во Република Македонија, преку воведување на повеќе производи со висока додадена вредност. Уште позначајно, тие ќе служат како примери на успешни greenfield инвестиции во земјата. Онаму каде што останува простор за работа е капацитетот за администрирање на средствата за наука, развој и истражувања, но и воопшто зајакнување на квалитетот на работата на државната администрација по секоја цена, затоа што тоа би било многу битно за спроведувањето на идните проекти на Владата кои имаат подолгорочен карактер.

Во однос на **образованието** за овој двомесечен период може да се напомене дека реформските активности започнати во претходниот период продолжиле и дека истите се надоградени или операционализирани со поеќе иновации. Од аспект на главната цел на овој извештај – во која мерка се остарува концептот за одговорно лидерство – т.е. лидерство кое ги остварува своите предизборни програмски ветувања –

може да се изведе општа позитивна оценка. Во предвидените термини се целосно оствaерни повеќе од планираните програмски цели. Преостанатите се започнати на време и се довршуваат или се во тек со динамика која е условена од влијанијата на другите сектори и од општите состојби во земјата.

Владината интензивна политика за развој на **спортот**, треба да продолжи и понатаму што ќе резултира со развој на масовниот и успеси на професионалниот спорт, од што заеднички бенефит ќе имаат Република Македонија и нејзините граѓани.

Факт е дека големите спортски успеси особено на меѓународен план, го подигаат оптимизмот и духот на народот, како и верата во сопствените вредности. Превземените владини политики во оваа област допрва се очекува да ги дадат своите резултати.

Во областа на **земјоделството** наредниот период треба да се обрне многу поголемо внимание во регистрацијата на земјоделското земјиште. Покрај тоа што овој проблем беше евидентиран и од страна на извештајот на ЕУ, ова е значајно и во контекстот на колатерала на поволните кредити кои се најавени во овој период за земјоделците. Имено, една од основните тешкотии, покрај висината на каматите, беше и прифаќањето на банките за хипотека и земјоделско земјиште. Но, ништо нема да ја подобри оваа ситуација доколку не се изврши ефикасна и ефективна регистрација на земјоделското земјиште.

Исто така, Македонија треба да го подготви винскиот сектор за исклучително конкурентниот европски пазар, каде што годишно се увезуваат над 10 милиони хектолитри висококвалитетно вино, иако земјава произведува квалитетно вино. Еден од условите за приспособување на нашите стандарди кон оние што ги налага Европа е изготвувањето вински регистар. Винскиот регистар, кој практично значи водење точна евиденција на површините под лозови насади, на бројот на производители и на годишната продукција на вино, ќе и овозможи на ЕУ правилно да процени колку пари годишно ќе и дава на Македонија за лозарството.

Треба да се напомене дека и регистрацијата на земјоделците е проблем на кој треба да се работи во наредниот период. Според земјоделците, ним не им се доволни 2.000 денари што Владата ќе им ги даде годинава

за да ја регистрираат дејноста, бидејќи имаат многу поголеми трошоци за плаќање на придонесите за пензиско и за здравствено осигурување.

Во областа на **надворешни работи,** без разлика дали Македонија ќе стане членка на НАТО или не, завршувањето на реформските процеси кои се започнати е неопходно не само заради исполнување на критериумите за членство, туку и заради подигнување на стандардот на сите македонски граѓани. Стабилноста и напредокот на Република Македонија нема да бидат загрозени без членство во НАТО, но можат да бидат загрозени со прифаќање на компромис кој ќе значи бришење на повеќе вековниот идентитет. Оттаму, да се биде дел од НАТО е голема придобивка, но зачувувањето на уставното име е непроценливо. Македонија ги издржа сите политички и економски притисоци и блокади во изминатите години, кога економско-политичката стабилност и стандардот на граѓаните беа на многу пониско ниво. Овојпат, со стабилен и функционален политички систем, економијата во нагорна линија и јасно определени стратешки сојузници, Македонија нема избор освен да опстои во битката за зачувување на нејзиното единствено име.

Во областа на **правдата** и безбедноста односно **внатрешните работи** треба да се продолжи и понатаму со заложбата на Владата, односно нејзините ресорни министерства и институции задолжени за спроведување активности на полето на правдата и безбедноста односно внатрешните работи. Потребно е овие институции да продолжат да покажуваат висока мотивираност и спремност за преземање на реформскиот процес на делот од нивната надлежност на патот кон евроатланските интегративни процеси.

Во областа на **здравството** Владата треба итно да го донесе и усвои основниот пакет на здравствени услуги.

Формирањето на Единица за анализа на политики во Министерството за Здравство треба да се изврши во најкраток можен рок, со цел да се обезбеди аналитичка функција која во голема мера ќе го олесни донесувањето на одлуки и планирање на интервенции во здравствениот сектор. Ова тело треба да го замени досегашното фактографско презентирање на активностите на Министерството за Здравство со современ аналитички пристап, процес кој ќе го олесни донесувањето на одлуки засновани на докази.

Министерството за Здравство спроведе две истражувања за задоволството на пациентите од услугите во Примарната здравствена заштита и проценка на ставовите на граѓаните за реформите во здравството во Република Македонија. Истражувањата дадоа некои одговори, но истовремено оствариjа цела низа на прашања во поглед на однесувањето на медицинскиот персонал во наредниот период, особено преку содржината на реформата која најмногу и директно го засега. Наодите од истражувањата кои се објавувени на веб страницата на Министерството треба да се земаат предвид.

Во областа на **транспорт и врски** треба да се охрабри предлагачот на Законот за јавни патишта, во интенцијата околу решавање на начинот на финансирање, како и управување со идната Агенција за државни патишта да ги исклучи политичките влијанија и предложи современи европски и стручно-професионални решенија на одредени членови од законот. Треба прецизно да се детектираат целите и дефинираат однапред сите чекори од трансформацијата на патниот сектор во Република Македонија, како би се постигнала целта. Неопходно е да се внимава особено на сензитивниот социјален аспект од трансформацијата.

Мониторинг на лидерство: Извештај од евалуацијата на перформансите на Владата на Република Македонија за декември 2007 - јануари 2008 година

Издавач: Институт за економски стратегии и меѓународни односи - ОХРИД

За издавачот:
М-р Билјана Јанева

Адреса:
Димитрие Туцовиќ бр. 24
1000 Скопје,
Република Македонија
Телефон: +389 2 322 44 57
Факс: +389 2 322 44 57
Веб страница: www.oi.org.mk
e-mail: info@oi.org.mk

Лектура и предпечатна обработка: Ружица Стојановска

Печат: Академски Печат, Скопје

CIP – Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека “ Св. Климент Охридски “, Скопје

342.51(497.7) “2007/08” (047)

ИЗВЕШТАЈ од евалуацијата на перформансите на Владата на Република Македонија за декември 2007 и јануари 2008. – Скопје : Институт за економски стратегии и меѓународни односи “Охрид” , 2008. – 75 стр. ; 24 см. – (Мониторинг на лидерство)

ISBN 978-9989-2671-2-3 (ед)
ISBN 978 -9989-2812-3-5 (кн.)

а) Македонија – Влада – 2007-2008 – Извештаи
COBISS.MK-ID 72003850

*Ставовите изнесени во пишаната или електронската верзија на Извештаите од проектот Мониторинг на лидерство нужно не претставуваат ставови на Балканскиот фонд за демократија, Германскиот Маршал фонд или неговите партнери.*